Црвен крст на Република Северна Македонија

# АНАЛИЗА

## НА ОДГОВОРОТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА МИГРАНТСКАТА КРИЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## (2015-2020)





**АНАЛИЗА НА ОДГОВОРОТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА МИГРАНТСКАТА КРИЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (2015-2020)**


| | |
|---|---|
| **Издавач:** | Црвен крст на Република Северна Македонија |
| **За издавачот:** | д-р Саит Саити, Генерален секретар |
| **Автори:** | Сузана Тунева Пауновска |
| | Владимир Вукелиќ |
| | Александра Валкановска |
| | Катерина Гиевска |
| | Сандра Томовска |
| **Илустрации:** | Владимир Хаџи Пулевски |
| **Година:** | 2021 |

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| **ПРЕДГОВОР** | 5 |
| **РЕЦЕНЗИЈА** | 6 |
| **РЕЗИМЕ** | 7 |
| **ВОВЕД** | 11 |
| ЗОШТО Е АНАЛИЗАТА НА ОДГОВОРОТ НА ЦКРСМ НА МИГРАНТСКАТА КРИЗА ВО РСМ (2015-2020)? | 11 |
| ЗОШТО Е ВАЖНА АНАЛИЗАТА НА ОДГОВОРОТ НА ЦКРСМ НА МИГРАНТСКАТА КРИЗА ВО РСМ (2015-2020)? | 13 |
| КОИ НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ ГИ НУДИ АНАЛИЗАТА? | 14 |
| **МЕТОДОЛОГИЈА** | 15 |
| КАКО Е ИЗРАБОТЕНА АНАЛИЗАТА НА ОДГОВОРОТ НА ЦКРСМ НА МИГРАНТСКАТА КРИЗА ВО РСМ (2015-2020) | 15 |
| **ОПШТ КОНТЕКСТ** | 16 |
| ЗА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 16 |
| УЛОГАТА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО СИСТЕМОТ ЗА ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА КАТАСТРОФИ | 18 |
| **УЛОГАТА НА ЦРВЕН КРСТ НИЗ БЕГАЛСКИТЕ КРИЗИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** | 20 |
| **КРИЗНА СОСТОЈБА** | 22 |
| 1. ПОЧЕТОЦИ НА МИГРАНТСКАТА КРИЗА И ОДГОВОРОТ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 23 |
| 2. ХУМАНИТАРНА АСИСТЕНЦИЈА ПО ЗАТВОРАЊЕТО НА Т.Н. БАЛКАНСКА РУТА | 30 |
| 3. ХУМАНИТАРНА АСИСТЕНЦИЈА НА БЕГАЛЦИ И МИГРАНТИ ВО ПЕРИОД 2018 – 2020 ГОДИНА | 38 |
| **ВКЛУЧЕНОСТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ОД ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ОДГОВОР НА МИГРАНТСКАТА КРИЗА** | 43 |
| **МЕНАЏИРАЊЕ И ГРИЖА ЗА ЛИЦАТА АНГАЖИРАНИ ПРЕКУ ЦКРСМ ВО ОДГОВОР НА МИГРАНТСКАТА КРИЗА** | 44 |
| **МОБИЛИЗИРАЊЕ НА РЕСУРСИ СО ПРЕГЛЕД НА ДОНАТОРИ** | 46 |
| **ПРИКАЗ НА ОДГОВОРОТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА МИГРАНТСКАТА КРИЗА** | 49 |
| **ПРЕПОРАКИ** | 51 |
| **ЗАКЛУЧОЦИ** | 53 |
| **СПОДЕЛЕНИ СВЕДОШТВА** | 55 |
| **КОРИСНИ ТЕРМИНИ** | 59 |
| **АНЕКС** | 61 |



# ПРЕДГОВОР

Глобалните поместувања предизвикани од природни катастрофи или катастрофи предизвикани од човечки фактор и настаните кои произлегуваат од истите се рефлектираат во различен размер , речиси во секој локален контекст. Истите предизвикуваат длабоки кризи, кои дури и високоразвиените општества не се подговени во целост да ги надминат и да излезат во пресрет на лицата погодени од истите. Во поновата светска историја, сведоци сме на повеќе вакви поместувања на глобалната мапа, кои директно се одразиле и во нашето општество. Едно од посериозните движења на лица афектирани од кризна состојба е токму мигрантската криза која со почетоците на истата во 2015 година, внесе сериозни предизвици во светот, регионот и нашата држава, предизвици кои бараа итен одговор и мобилизација на сите релевантни институции.

Рефлексија на обемната хуманитарна операција која Црвен крст на Република Северна Македонија (ЦКРСМ) ја реализираше во насока на ублажување на страдањата на мигрантите и бегалците кои транзитираа низ нашата земја, е токму Анализата на одговорот на ЦКРСМ на мигрантската криза во РСМ (2015-2020). Истата претставува компилација од теоретски и практични искуства, сублимат од активности кои беа реализирани и кои сè уште се реализираат. Анализата е сериозен, длабоко издржан документ кој може да се користи самостојно или како придружен документ за идни истражувачки дејности. Ова издание содржи детална анализа за потребата од еден ваков документ, методологијата по кој е подготвен, детална разработка на оперативниот контекст, сублимирани заклучоци и научени лекции, како и препораки. Документот е со интенција за воспоставување на повисоки стандарди на внатрешна организираност и нивно практикување при секојдневното работење, како и дисеминација на овие стандарди во поширок контекст, како пример , но и коректив за работењето во состојби од сличен карактер.

Анализата на одговорот на ЦКРСМ на мигрантската криза во РСМ (2015-2020) има за цел да ги направи подостапни и кохезивни сите сегменти на хуманитарна асистенција во текот на мигрантската криза со фокус на хуманитарната помош; основните здравствени услуги, пружање прва помош и транспорт до здравствена установа; воспоставување на семејни врски и психолошка прва помош. Истата е фундамент за идни истражувачки активности, основа за стратешки документи и планирања, а нуди и искуствени препораки и заклучоци кои ја позиционираат нашата улога во оваа мигрантска криза. Нагласената поставеност на системот за подготвеност и дејствување при кризни состојби во државата, го дефинираат местото и улогата на Црвен крст на РСМ во системот за подготвеност и дејствување при кризни состојби.

Се надеваме дека документот кој е пред Вас е сеопфатен, адресира важни аспекти не само од хуманитарната сфера, туку и пошироко и истиот ќе биде применет и широко прифатен материјал кој дава придонес во целокупната состојба при делување при кризни состојби поврзани со областа опфатена во анализата.

Со почит,

д-р Саит Саити
*Генерален секретар*

# РЕЦЕНЗИЈА

Црвениот крст на Република Северна Македонија е организација која има впечатлив белег во секоја поголема криза во нашата земја. Хуманиот приод и брзата интервенција и помош која им е потребна на граѓаните придонесуваат за постојано зголемување на угледот на Црвениот крст и овозможуваат натамошно јакнење на неговата улога во системот на заштита. Црвениот крст на Република Северна Македонија имаше важна улога во мигрантската и бегалската криза, која од 2015 година ја означи Балканската рута како една од главните правци по кои минуваа мигрантите.

Нашата земја и во изминатиот период се соочуваше со сериозни мигрантски кризи, кои најчесто беа резултат на вооружени конфликти. Во поновата историја тоа беше распаѓањето на Југославија и демонтирањето на Босна и Херцеговина, што кулминираше со босанската бегалска криза во 1993-1995 година, потоа со вооружените дејствија на Косово и бегалската криза од 1998-1999 година, а набрзо потоа и конфликтот во Република Македонија од 2001 година, кој создаде голем број на внатрешно раселени лица.

Сепак, мигрантската криза од 2015 година, која сè уште не е завршена, по својот обем, времетраење и предизвици е централна тема во Анализата на Црвениот крст. Анализата хронолошки ги претставува настаните кои и претходат на кризата. Таа содржи објаснување за предизвиците, потребата за хуманост во постапувањето со мигрантите и бегалците, но истовремено, таа е израз на достигнатите високи стандарди на Црвениот крст во укажување хуманитарна помош на луѓето на која таа им е потребна, во обезбедување основни здравствени услуги, прва помош и транспорт, во поврзување и воспоставување семејни врски со раздвоените лица од семејството и во укажување психолошка прва помош.

Во изминатите години, Црвениот крст создаде силна внатрешна организација која овозможува стручност во постапувањето, со своја аналитика, алатки за планирање и развој. Темелено на оценката да се анализира улогата на Црвениот крст во најголемата мигрантска и бегалска криза, која се обзнани во 2015 година и сè уште не е завршена, Црвениот крст преку своите непосредни учесници во настаните, аргументирано, со релевантни информации, но и информации од сопствени извори, ги презентира искрено, но и како сведочење за едно динамично време и за хуманата улога да им се помага на луѓето на кои таа помош очајно им е потребна. Современите графички решенија уште повпечатливо говорат за обемот на мигрантската криза, предизвиците кои бараат натамошно подобрување во постапувањето на засегнатите страни и секако уште подобра меѓуинституционална соработка и поефикасно справување со предизвиците. Некои оценки во оваа анализа можело да бидат подетално објаснети, но тоа се должи на желбата некои од авторите да ги искажат впечатоците за настани во кои биле дирекни учесници.

Оваа Анализа содржи бројни информации и податоци, кои со оглед на нивната аргументираност, може да се употребуваат и за многу веродостојни во идни истражувања за улогата на мигрантската и бегалската криза и за состојбите кои се рефлектираа и имаа влијание во нашата земја. Истовремено, Анализата е значаен придонес на Црвениот крст за конструктивната улога на Република Северна Македонија во мигрантската и бегалската криза од 2015 година.

Проф. Др. Трпе Стојановски — Скопје, октомври, 2020 година

# РЕЗИМЕ

Во денешно време миграциите претставуваат врвно правно прашање, поврзано со човековите права, развојот и геополитиката, како на национално така на регионално и меѓународно ниво. Растечкиот број на докази, случувања и настани потврдуваат дека миграциите се поврзани со глобалните економски, социјални, политички и технолошки трансформации. Оттука, особено се разгледува меѓусебното влијание на развојот и миграциите.[*] Токму затоа, постои огромна потреба од анализа на мигрантските кризи, со цел градење на капацитети за менаџирање на истите. Миграциите предизвикуваат комплексни хуманитарни кризи, како за човекот поединец така и за државите, вклучително и цели региони.

Поддршката и работењето на организациите за бегалците и барателите на азил во светот се насочени на повеќе полиња и потреби и тоа: директна хуманитарна помош за задоволување на основни потреби за живот, медицинска помош, правна помош и поддршка, активности за социјализација и интеграција, активности за дестигматизација, помош и поддршка на деца и непридружувани малолетници, помош во материјални добра и финансиска помош итн.

Препознаени меѓународни организации кои работат на полето на бегалци и баратели на азил се: Меѓународна Федерација на Друштвта на Црвен крст и Црвена полумесечина (International Federation of National Societies of Red Cross and  Red Crescent – IFRC), Високиот Комесаријат за Бегалци на Обединетите Нации (United Nation High Commissioner for Refugees – UNHCR), Меѓународна организација за Миграција на Обединетите Нации (International Organization for Migration – IOM), UNICEF, ICRC, Мерси Корпс (Mercy Corps), Save the Children и многу други организации. Овие организации преку свои локални канцеларии во земјите погодени од мигрантски кризи даваат поддршка на бегалците и барателите на азил.

Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина (МФЦКЦП), претставува важен и уникатен чинител во процесот на миграциите т.е. ублажување на последиците за време на и по завршување на мигрантските кризи во светот. Занимавајќи се со човекот, човековото достоинство и ублажување на последиците од кризни состојби на ранливото население, Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина, насекаде, вклучително и Република Северна Македонија има носечка улога во хуманитарната помош на мигрантите.

Меѓународната Федерација на Друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина[**], како една од компонентите на Движењето[***], преку својата мрежа на Национални Друштва на Црвениот крст обезбедува одговор на потребите на мигрантите на различни нивоа во перидот на нивното патување, од едно до друго место. Пристапот на Движењето кон миграциите е со стриктно хуманитарен карактер и се основа на препознавање на индивидуалноста и аспирациите на секој мигрант. Овој пристап се фокусира на потребите, ранливоста и потенцијалите на мигрантите, без разлика на нивниот статус, тип или категорија. Согласно тоа, и за да може да се опфатат целосно хуманитарните размислувања поврзани со миграциите, описот на мигрантите се дефинира како:

*. World Migration Report 2020, IOM UN Migration
**. https://www.ifrc.org/en/who-we-are/
***. https://www.icrc.org/en/doc/resources/documents/misc/components-movement.htm

***Според дефиницијата на Меѓународната федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина, мигрант е дефиниран термин на лице кое ја напушта или бега од своето постојано место на живеење на ново место, најчесто надвор од државата, во потрага за безбедни и подобри можности. Миграциите може да бидат доброволни или не во своја волја, но воглавно подразбираат комбинација на сопствен избори и принуда. МФЦКЦП од овие причини ги дели мигрантите на повеќе подгрупи и тоа мигранти кои власта ги означила како ирегуларни, мигранти раселени внатре во сопствената држава, мигранти без државјанство, бегалци, баратели на азил***

***(МФЦКЦП, Рамка за европски миграции 2016год.)***

**Анализата на одговорот на Црвен крст на Република Северна Македонија на мигрантската криза во Република Северна Македонија (2015-2020),** овозможува поединецот, институциите и организациите да се запознаат со општиот контекст на миграциите, ранливоста на мигрантите и луѓето во движење, улогата на Црвениот крст глобално и национално во процесот на хуманитарна асистенција, како и севкупното оперативно работење за време на мигрантската криза 2015-2020.

Како доброволна, масовна, самостојна и независна хуманитарна организација на граѓаните на Република Северна Македонија, Црвениот крст на РСМ дејствува и работи како невладина и непартиска организација и како единствена организација на територијата на Република Северна Македонија. Тоа што оваа организација ја прави уникатна и единствена на тлото на Република Северна Македонија се местото, улогата и задачите кои се определени со посебен Закон за Црвен крст на РСМ како и Статутот на Црвениот крст на РСМ. Согласно ваквата поставеност, Црвен крст на Република Северна Македонија остварува редовна комуникација и соработка со Националните друштва на Црвен крст и Невладините организации во регионот и пошироко, со Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина и со Меѓународен комитет на Црвен крст со цел да се координираат и спроведуваат активностите за подготвеност и дејствување при катастрофи за поддршка на ранливото население.

Црвен крст на РСМ работи согласно политиките за заштита и обезбедување на хуманитарна помош на бегалци, мигранти, внатрешно раселени лица, повратници и баратели на азил, и во таа насока, оваа Анализа ќе придонесе кон унапредување и олеснување на процесот на изработка на документите на национално ниво. Истата, вклучува истражување на документирани материјали и анализа на податоци содржани во официјални документите за известување на квалитативна и квантитативна подлога. Во овој документ е објаснета севкупната хуманитарна помош за време на мигрантската криза која подразбира помош во вид на храна, вода и хигиенски производи, транспорти до болница, асистенции, медицински интервенции и укажана прва помош, психо - социјална поддршка, активности за подигање на свест на населението во РСМ за потребите на мигрантите и нивен ран прифат број на евидентирани случаи во службата RFL/ РФЛ**** (Служба за воспоставување на семејни врски) и сл.

Краткиот историјат за мигрантската криза што ја зафати Европа во 2015 година говори за отворање на т.н. Медитеранска, а подоцна Источно - Медитеранска и Западна Балканска рута и за оваа голема мигрантска криза не постои консензус околу нејзините први почетоци. Веќе во втората половина на 2015 година, се забележуваат првите организирани движења на ирегуларната миграција од Блискиот Исток како и од државите од Средна Азија низ територијата на РСМ. Црвен крст на РСМ како член на Главниот штаб и облигациите кои произлегуваат од член-

**** „https://www.ifrc.org/en/what-we-do/migration/what-is-a-migrant/#:~:text=Migrants%20are%20persons%20who%20leave,or%20safer%20and%20better%20prospects."




ството во Националниот систем за управување со кризи, започна со итна мобилизација и организирање на првите мобилни тимови со што преку Програмата за помош и поддршка на бегалци и мигранти по должина на автопатот Гевгелија – Куманово започна со дистрибуција на пакети храна и вода, со укажување на прва помош и пружање психо-социјална поддршка. Хуманитарната асистенција од страна на Црвениот крст на РСМ траеше во периодот на целиот проток на лицата во движење долж територијата на РСМ како и по затворањето на т.н. Балканска рута. Активностите продолжуваат и во 2018 година кога се случува интензивно ирегуларно движење на бегалци и мигранти. Присуството на Црвениот крст и овој пат е 24 часовно на терен и пружање континуирана помош. Активностите на Црвениот крст на РСМ сè уште траат и се посветени на лицата кои ирегуларно транзитираа, бегалците и баратели на азил во државата.

Мигрантската криза 2015 – 2020, Црвениот крст ја одбележа со хуманитарна асистенција на повеќе од 850 000 лица во движење, а за потребите на истото се мобилизираа повеќе од 200 обучени професионалци и волонтери на Црвениот крст на Република Северна Македонија.

Пресекот на податоци, информации, преку оваа Анализа го помага сеопштото разбирање на соработката, комуникациите и реалното работење во време на криза на Црвениот крст на РСМ. Со тоа, може да се осознае и научи за идното делување и подготвеност како за одговорот кој една хуманитарна организација е потребно да го даде за мигрантите така и за домашното население кое е афектирано од страна на мигрантската криза.

Подготвеноста и навремената едукација на човечките капацитети, историската и организациска позадина во време на кризи, системските документи, се клучни за успехот со кој резултираше севкупната операција за хуманитарна помош во мигрантската криза 2015-2020 во РСМ, што може да се констатира од сегментите наведени во овој документ.



# ВОВЕД

## ЗА ШТО Е АНАЛИЗАТА НА ОДГОВОРОТ НА ЦКРСМ НА МИГРАНТСКАТА КРИЗА ВО РСМ 2015-2020?



**„Кризна состојба е состојба предизвикана од ризици и опасности кои можат да ги загрозат добрата, здравјето и животот на луѓето и животните и безбедноста на државата, за чија превенција или справување е потребна употреба на поголем обем на ресурси“.**

Службен весник на РМ, бр.29, од 4 мај 2005
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/2B55BCB15891E144B555BA0302455CB6.pdf

**Прогласувањето на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија или на нејзин дел е предвидено во чл. 125 од Уставот на Република Северна Македонија.**

**Во согласност со ст. 1 од овој член „Вонредна состојба настанува кога ќе настанат големи природни непогоди или епидемии.“**

Следејќи ги политиките и стратегиите на Меѓународната федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина, програмите и дефинираниот пристап на нашето Национално друштво за заштита и обезбедување на хуманитарна помош на бегалци, мигранти, внатрешно раселени лица, повратници и баратели на азил, Анализата на одговорот на ЦКРСМ на мигрантската криза во РСМ (2015-2020)е јасен приказ на состојбата со миграции во РСМ и одговорот на нашето Национално друштво - Црвен крст на РСМ, со акцент на последната мигрантска криза од 2015 година. Анализата е фокусирана и на воспоставениот систем на одговор на барањата на бегалците и мигрантите, следејќи ја Глобалната стратегија за миграција на Меѓународната федерација на националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина (МФЦКЦП) која поставува насока за дејствување на Националните друштва и Секретаријатот на Меѓународната федерација на националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина до крајот на 2022 година. Насловот на истата - **Намалување на ранливоста, зајакнување на отпорноста**, укажува дека истата не се однесува само на задоволување на хуманитарни потреби и потребата да се излезе во пресрет на ризиците со кои се соочуваат, туку исто така и зајакнување на капацитети на мигрантите преку интегрирања на помошта, заштитата и застапувањето односно лобирањето за нивните права[1].

Акцентирајќи ги клучните прашања во воспоставениот систем за одговор на миграциските прашања, анализата ќе ги опише и ќе даде осврт на :

1. Одговорот на нашето Национално друштво на мигрантската криза од нејзините почетоци во 2015 година, заклучно со 2020 година, со кусо навраќање на претходните искуства од слични кризни состојби од поновата историја на државата;

1. https://media.ifrc.org/ifrc/wpcontent/uploads/sites/5/2017/12/IFRC_StrategyOnMigration_EN_20171222.pdf

2. Улогата на Црвен крст на РСМ во системот за подготвеност и дејствување при кризни состојби во државата;
3. Улогата на партнерските организации и меѓународната поддршка во справување со кризата;
4. Предизвиците со кои се соочивме, како и научените лекции и искуствата стекнати во овој процес.

Анализата на одговорот на ЦКРСМ на мигрантската криза во РСМ (2015-2020) дава преглед на статистичките податоци поврзани не само со одговорот на ЦКРСМ преку хуманитарната помош, туку и преглед на корисниците опфатени со истата, пред сé нивната националност, пол, возраст. Исто така потенцирана е улогата на волонтерите и професионално ангажираните лица како носители на теренските активности, нивната подготвеност, писхо-социјалната помош која ја добиваа, како и целокупната логистичка поддршка за реализација на обемната операција. Во анализата, содржани се информации за партнерствата и поддршката во реализација на планираните активности како од домашни организации од владиниот и НВО секторот, така и организации, агенции и Национални друштва во рамки на Меѓународната федерација на националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина.

Во неа, опфатени се и аспекти за подигање на јавната свест за ран прифат на лицата од интерес.

Во подоготвка на оваа анализа, како еден од клучните постулати беше и декларацијата за мигранти на Меѓународната федерација на националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина во која се истакнува дека:




*„.... сè повеќе сме загрижени за безбедноста и благосостојбата на ранливите мигранти, бегалци и други лица имаат потреба од меѓународна заштита. Потребни се итни чекори за да се спасат животи. Сите мигранти - вклучително и ирегуларните- имаат човекови права, вклучително и правата на живот, слобода и безбедноста. Тие мора да бидат заштитени од тортура и малтретирање, лошо постапување со нив, неосновано притворање, закани по нивниот живот, и тие мора да имаат пристап до правдата и основните услуги. Меѓународното право, исто така, бара посебна заштита за одредени категории на лица, како на пр бегалци, баратели на азил и лица без државјанство. Празнините во спроведувањето на оваа заштита може да бидат опасни по живот со последици за инволвираните лица“*[2].

2 https://media.ifrc.org/ifrc/wp-content/uploads/sites/5/2020/01/CD-19-R8_Adopted_Movement-Declaration-on-Migration_EN_clean.pdf

# ЗОШТО Е ВАЖНА АНАЛИЗАТА НА ОДГОВОРОТ НА ЦКРСМ НА МИГРАНТСКАТА КРИЗА ВО РСМ 2015-2020?



Црвениот крст на РСМ, низ изминатите години, преку искуства од претходните кризи во кои имаше клучна улога, воспостави уште посериозен систем за одговор на бегалски прашања. Научените лекции, предизвиците кои ги носеше со себе секоја кризна состојба, имплементирани беа и во одговорот на оваа мигрантска криза иако само по себе донесе многу специфики. Како чекор понапред, Црвен крст на РСМ планира изработка на политика за заштита и обезбедување на хуманитарна помош на бегалци, мигранти, внатрешно раселени лица, повратници и баратели на азил[3]. Анализата на одговорот на ЦКРСМ, е добар патоказ за насоките по кои ќе се креираат овие политики, бидејќи истата е сумиран приказ на кризна состојба. Преку неа, во идни кризни состојби од овој вид, Националното друштво (НД) ќе даде брз и ефикасен одговор на потребите и ранливоста на мигрантите и бегалците; информирањето за нивните права, поврзувањето, помошта, заштитата и хуманитарното застапување ќе бидат олеснети; аспектот за градење партнерства дополнително разработен, а поддршката и одговорот на потребите при раселување на населението и други прашања врзани за миграциите ќе бидат поставени на повисоко рамниште.

Од друга страна, Политиката за миграции на Меѓународната федерација на националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина, фокусот го става на 10 (десет) клучни принципи, акцентирајќи дека во секое Национално друштво, вклучително и ЦКРСМ, е потребно:

1. Фокусот на активностите на Национално друштво да се потребите и ранливоста на мигрантите;
2. Вклученост на мигрантите во креирање на хуманитарните програми;
3. Поддршка за аспирациите на мигранти;
4. Препознавање на правата на мигрантите;
5. Креирање на линк помеѓу помошта, заштитата и хуманитарно застапување/лобирање за мигранти;
6. Изградба на партнерства;
7. Работа долж мигрантските рути;
8. Помош за мигрантите- повратници;
9. Одговор на движењета на полулацијата ширум светот;
10. Ублажување на притисоците кон мигрантите во локалната заедница.

Националните друштва ширум светот работат согласно овие принципи по прашањето за мигранти, следејќи го и локалниот контекст и во зависност од тоа дали земјите се крајна дестинација, транзит или пак земји на потекло. Секако, значењето на анализата има и еден поширок општествен контекст, имајќи ја во предвид улогата на Црвениот крст дефинирана согласно Статутот и законот за Црвен крст[4], како и **мисијата** на Организацијата со која е дефинирано дека Црвен крст

3 https://ckrm.org.mk/publikacii-cat/godishni-programi/

4 https://ckrm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/ZAKON-ZA-CRVENIOT-KRST-NA-REPUBLIKA-MAKEDONIJA.pdf („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/94, 7/97, 21/98 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19)

на Република Северна Македонија е хуманитарна организација која работи на спречување и ублажување на човековото страдање, заштита на животот и здравјето, унапредување на социјалната состојба, обезбедувајќи почит и достоинство за човековото битие, а особено во случај на несреќи и катастрофи, го промовира меѓународното хуманитарно право и хуманите вредности, поттикнува доброволно ангажирање и постојана подготвеност за давање помош, како и универзално чувство за солидарност и хуманост.

## КОИ НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ ГИ НУДИ АНАЛИЗАТА?



Научените лекции од справувањето со мигрантската криза во сите фази од истата, може да се рефлектираат и како нови знаења и практики во работењето на Црвен крст на РСМ во идни кризни состојби од овој вид. Во понатамошната разработка на улогата на Црвен крст на РСМ во мигрантската криза, и поглавјата кои следуваат, разработени се всушност нашите силни страни на делување, кои се со фокус на обезбедување:

- Хуманитарна помош;
- Основни здравствени услуги, укажување на прва помош и медицински транспорт;
- Воспоставување на семејни врски (Служба барање) и
- Психолошка прва помош.

Оттука, следствено е дека извлечени се повеќе научените лекции како и новите искуства и знаења не само на ниво на Црвен крст на РСМ, туку и по вертикална линија, на ниво на Општински организации на Црвен крст, тимови, па сè до волонтери и професионално ангажирани лица во текот на сите фази од реализација на активностите. Во делот научени лекции, препораки и заклучоци, истите се подетално разработени и концепирани за идни активности на терен и/или истражувачки потреби.

# Методологија

## КАКО Е ИЗРАБОТЕНА АНАЛИЗАТА НА ОДГОВОРОТ НА ЦКРСМ НА МИГРАНТСКАТА КРИЗА ВО РСМ 2015-2020?

Улогата на Црвен крст на РСМ во хуманитарниот одговор на мигрантската криза, резултираше со огромно искуство од имплементирање на теренските активности, структуирани формати за периодични известувања, формати за известување наменети за донатори, дневници од теренски активности, листи за дистрибуирана хуманитарна помош, медицински дневници и сл. Сите тие содржат информации кои периодично се обработуваа и послужија како основа за планирањата во текот на целата мигрантска криза. При подготовка на анализата, методолошкиот пристап беше преку истражување на документирани материјали (извештаи, статии, дневници од теренска работа, медицински досиеја и сл.) интервјуа со одговорните лица за имплементација на националните проекти и координирање на теренските активности на Црвениот крст за поддршката на мигрантите, како и преку анализа на податоците содржани во официјалните документите за известување. Информациите содржани во извештаите[5] кои се користат во подготовката на овој документ се квалитативни и квантитативни. Содржат елементи, опис на тековната состојба на ниво на територија на цела РСМ, но и во локален контекст за регионот северна граница и Транзитен центар (ТЦ) Табановце, јужна граница и Транзитен центар (ТЦ) Винојуг како и Прифатен центар за баратели на азил-Визбегово и Прифатен центар за странци. Ова подразбира добар преглед на состојбите на влезната и излезна точка долж мигрантската рута кога таа беше отворена, но и преглед на илегалното движење на мигрантите по затворање на т.н. Балканска рута , како и нивно привремено сместување.

Во однос на квантитативните податоци, фокусот е ставен на дистрибуираната хуманитарна помош во вид на храна, вода и хигиенски производи (по артикли и количини), реализирани транспорти до болница, асистенции, медицински интервенции и укажана прва помош, број на евидентирани случаи во службата RFL/ РФЛ (Воспоставување на семејни врски). Во секој преглед, содржана е структурата на лицата кои се евидентирани по однос на пол и земјата на потекло. Во дел од извештаите, структуирани се и одговори од обработени прашалници наменети за целната група, но и за давателите на услуги и партнерските организации. Истите се спроведени во сите фази на мигрантската криза, соодветно се обработени и имплементирани во формат. Во информациите кои се подготвуваат, а кои се користеа за подготовка на анализата на одговорот на ЦКРСМ на мигрантската криза во РСМ (2015-2020), има преглед на бројот на ангажирани волонтери од мобилните тимови во целокупната операција, времето (часовите) поминато на терен и во Транзитните центри како и структура на лицата ангажирани - поделба по однос на пол и возраст.

Анализата како документ, не содржи лични информации кои го загрозуваат идентитетот и човековите права на лицата од целните групи, а прибирањето на информациите кои понатаму се искористени за подготовка на документот се во склад со задолжителните минимум стандарди на Меѓународната федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина во однос на почитување на родот и различностите на секоја индивидуа при постапување во итни ситуации.

5
- Project name:  Support for refugees in Macedonia (17MK01), provided by the Luxembourgish Government through the Red Cross of Luxemburg.
- Project name: Proof of Employment of Funds in accordance with No. 10.2 of the Administrative Regulations pertaining to section 44 of the Federal Budget Code (BHO) and No. 6.2 of the General Auxiliary Conditions for Project Grants (ANBest P)
- Emergency Plan of Action Final Report
- Final report emergency appeal -IFRC
- Final Project performance report UNHCR (2015-2019)

# Општ контекст

## ЗА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Црвениот крст на Република Северна Македонија зад себе има долготрајна традиција од 76 години постоење и дејствување, остварувајќи ја притоа хуманата мисија за подобрување на животот на најранливите лица на домашен и меѓународен план.

Црвениот крст на РСМ е доброволна, масовна, самостојна и независна хуманитарна организација на граѓаните на Република Северна Македонија и дејствува и работи како невладина и непартиска организација и како единствена организација на територијата на Република Северна Македонија.

Во периодот од 1992 до 2020 година, од осамостојувањето, Црвениот крст на РСМ е активно вклучен во обезбедување на помош за хуманитарно згрижени лица, баратели на азил, внатрешно раселени лица, социјално ранливи лица, лица погодени од природни катастрофи и други категории на ранливи лица. Програмите и проектите на Националното друштво се имплементирани со поддршка на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина, Меѓународен Комитет на Црвен крст, повеќе Национални друштва на Црвениот крст и Црвената полумесечина и други меѓународни и домашни владини и невладини организации и институции.

Иако постојат активности од почетокот на 20 век во времето на поранешна Југославија, сепак како официјален датум се смета дека Црвениот крст на Македонија е формиран на 17 март 1945 година, Црвениот крст на Република Македонија е признат како Национално друштво од Меѓународниот комитет на Црвениот крст на 01.11.1995, а на 27 ноември 1995 година станува полноправен член на Меѓународната федерација на националните друштва на Црвениот крст и Црвената полумесечина, како 169 членка на Меѓународното движење.

Како важни услови за признавање на националното друштво Црвен крст на Република Македонија се:

1. Прифаќање на Женевските конвенции од 12 август 1949 и Дополнителни протоколи од 1977 односно ратификување од страна на Владата на Република Македонија на 25 август 1993 година;
2. Собранието на Република Македонија на 26 јули 1994 година го донесе Законот за Црвениот крст на Република Македонија.

Црвениот крст на Република Северна Македонија е единствена организација на територијата на Република Северна Македонија, која ја сочинуваат организациите на Црвениот крст на општините и градот Скопје. Црвениот крст на РСМ не претставува здружение на граѓани, но е доброволна, масовна, самостојна, невладина, непартиска и независна хуманитарна организација на граѓаните на Република Македонија.

Положбата и задачите на Црвениот крст, употребата и заштитата на амблемот и името на Црвениот крст, како и начинот на финансирање на задачите на Црвениот крст се уредени во посебен закон - Закон за Црвениот крст на Република Македонија (Сл. Весник бр.41/94). Со Статутот на Црвениот крст на РСМ поблиску се уредени поставеноста и структурата на Организацијата како и основните цели и задачи и истиот е во согласност со Статутот на Меѓународната федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина.

Црвениот крст на РСМ во рамките на напорите за ефикасно трансформирање, реорганизација и надградба на капацитетите, особено во последните години, презема повеќе активности за осовременување на работата. Со транспарентно работење и навремено известување, воспоставување на ефикасен комуникациски систем, како и обука на волонтерскиот и професионалниот кадар и надградување на материјално-техничките капацитети на организацијата, се придонесува кон подобрување на имиџот на националното друштво и развој на организацијата во лидер во организирањето на хуманитарните активности во државата.

## ВИЗИЈА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РСМ

Дејствуваме, поттикнуваме и промовираме хумани вредности за навремено да одговориме на современите хуманитарни предизвици, а притоа решени сме да направиме повеќе, да го направиме тоа подобро и да стигнеме подалеку.

## МИСИЈА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РСМ

Црвен крст на Република Северна Македонија е хуманитарна организација која работи на спречување и ублажување на човековото страдање, заштита на животот и здравјето, унапредување на социјалната состојба, обезбедувајќи почит и достоинство за човековото битие, а особено во случај на несреќи и катастрофи, го промовира меѓународното хуманитарно право и хуманите вредности, поттикнува доброволно ангажирање и постојана подготвеност за давање помош, како и универзално чувство за солидарност и хуманост.

Црвениот крст на Република Северна Македонија работи и дејствува преку 35 постојани канцеларии низ кои се покрива целата територија на Република Северна Македонија, централна канцеларија во Скопје, 5 општински и една градска организација во Скопје и уште 28 канцеларии во речиси сите градови низ Република Северна Македонија.



# УЛОГАТА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО СИСТЕМОТ ЗА ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА КАТАСТРОФИ

Една од позначајните карактеристики на Црвениот крст на Република Северна Македонија, покрај успешноста на терен, е постојаното инвестирање на планот на институционалниот развој каде се преземани мерки и носени се одлуки за зголемување на ефикасноста во работењето, иницијативи за зголемување на капацитетите и јакнење на волонтеризмот, како и направени се дополненија и ревизија на Статутот за создавање услови за поефикасно функционирање на органите и облиците за дејствување, рационализација на трошоците за остварување на функцијата и единство во акцијата, координирано и синхронизирано дејствување на конститутивните делови.

Црвениот крст на РСМ, секои три години прави проценка и анализа на состојбите на севкупното работење на Општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје, која претставува појдовна основа за ефикасно трансформирање и реорганизација на сите сегменти на националното друштво. Со неа се утврдуваат јаките страни, слабостите, можностите и заканите на Општинските организации на Црвениот крст и Црвен крст на град Скопје. Податоците говорат за: структурата на управата и раководството, материјално техничката опременост, бројот на активни волонтери и инфраструктура на Црвениот крст на РСМ, од кои Црвениот крст на РСМ доби реална слика за кадровските и материјалните капацитети во ООЦК. Добиените резултати ги идентификуваат најитните потреби, приоритети и предизвици во ООЦК и придонесуваат во севкупното планирање и дејствување во случај на итни состојби. Процената и Анализата обезбедува добра основа за краткорочни и долгорочно планирање со континуиран мониторинг и евалуација на работата на Општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје.

Во Република Северна Македонија се донесени повеќе закони и подзаконски акти кои се однесуваат и на Црвениот крст на РСМ, со што само се потврдува статусот на помагател и партнер на Владата на РСМ.

Квалитетот, резултатите и истрајноста во работењето се препознаени со добивање на признание во 2015 година за „Прво сертифицирано национално друштво" во рамките на Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина согласно методологијата за проценка на организациските капацитети.

Местото, улогата и задачите на ЦКРСМ се определени со Законот за Црвен крст на РСМ и Статутот на Црвениот крст на РСМ. Задачите на ЦКРСМ се пропишани во член 19 од Законот за Црвен крст. Во точка 14 и 15 од член 19 на овој закон, ЦКРСМ е задолжена да подготвува тимови за спасување на вода и планина.

Во Законот за управување со кризи (I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ, Член 2) дефинирано е дека: Системот за управување со кризи го остваруваат органите на државната управа и органите на државната власт (Собрание, претседател и Влада), вооружените сили како Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата), силите за заштита и спасување и органите на општините и на градот Скопје (во натамошниот текст: општините и градот Скопје). Јавните претпријатија, јавните установи и служби и трговските друштва, можат да учествуваат во превенција, рано предупредување и справување со кризи во согласност со овој закон.

Граѓаните, здруженијата на граѓаните и Црвениот крст на Република Северна Македонија, невладините и хуманитарните организации, средствата за јавно информирање и другите правни лица кои не се опфатени со ставови-



те 1 и 2 на овој член, можат да учествуваат во превенција, рано предупредување и справувањето со кризи, доброволно и договорно, врз основа на закон и ратификуваните меѓународни договори кои ја уредуваат оваа материја. Црвениот крст на РСМ членува во повеќе меѓународни организации кои се овластени за вршење на едукација од областа на заштита и спасување на вода, планина и прва медицинска помош. Исто така се врши и едукација за заштита и самозаштита со помош на лиценцирани домашни и странски инструктори, додека кандидатите добиваат признати сертификати и легитимации. Одреден број на обучени волонтери од областа на заштитата и спасувањето членуваат во Републичката единица за одговор при катастрофи и во тимовите за одговор при катастрофи во 33 Општински организации и Црвен крст на град Скопје. ЦКРСМ на планот за подготвеност и дејствување при катастрофи, изгради партнерски однос со одговорните структури на национално и локално ниво, заради воспоставување на ефикасни механизми на координација и менаџирање на катастрофите врз основ на постојаната законска регулатива.

Во насока на подобрување на соработката и координацијата во активностите ЦКРМ склучи Меморандуми за соработка со Центар за управување со кризи (ЦУК) и Дирекција за Заштита и спасување(ДЗС), а во главните штабови на овие Дирекции има претставници од ЦКРСМ. ЦКРСМ остварува добра соработка и има склучено договори за соработка и со Министерството за одбрана, Армијата на РСМ, Министерството за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование, Министерството за здравство и други министерства, со Бирото за развој на образованието, Против пожарни единици во Република Северна Македонија и други институции. Во досегашниот период, Националното друштво има обучено голем број на лица за спасители на вода, за спасители на планина и за спасување од спелеолошки објекти и урнатини.

ЦКРСМ за помасовна едукација на населението од областа на заштитата и самозаштита подготвува разни наменски прирачници, брошури, памфлети и постери. Во ЦКРСМ функционира и оперативен центар на Црвен крст, кој ги координира активностите на планот на подготвеност и дејствување при катастрофи и соработува со Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи кои како државни институции се носители на активностите.

ЦКРСМ остварува редовна комуникација и соработка со националните друштва на Црвен крст и НВО во регионот и пошироко, со Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина и со Меѓународен комитет на Црвен крст со цел да се координираат и спроведуваат активностите за подготвеност и дејствување при катастрофи за поддршка на ранливото население.

# УЛОГАТА НА ЦРВЕН КРСТ НИЗ БЕГАЛСКИТЕ КРИЗИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Црвен крст на РСМ, преку своите локални канцеларии и преку Црвениот крст на град Скопје, како дел од системот за одговор, организира директна помош и поддршка на бегалците на територијата на РСМ.

Црвен крст во РСМ презема лидерска улога за време на:

- Босанската криза (1993 – 1995) во која поддршка се пружи на 55 000 бегалци, а беше мобилизиран тим од 150 професионалци и волонтери;
- Косовската криза (1998-2001) по која се уште во РСМ се бележат бегалци на кои ЦК им пружа помош, а со која се опфатија 443 000 лица. Вклучени беа 300 професионалци и волонтери во пружање на хуманитарна помош;
- Внатрешен конфликт и внатрешно раселени лица (2001) кога се пружи помош на 194 000 внатрешно раселени лица, а ангажирани беа 100 лица на Црвениот крст;
- Балканска рута/мигрантска криза (2015 – денес) во која се ангажираат повеќе од 200 професоналци и вработени на Црвениот крст, а се опслужени повеќе од 850 000 лица.

Во сите овие бегалски кризи Црвен крст на РСМ има лидерска улога која ја реализира преку директна соработка со државните институции особено Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство и бројни невладини и меѓународни организации.

На овој начин се гради сестран пристап во проценката на потребите на бегалците.





Активностите кои беа преземани во овие ситуации опфаќаа:

- регистрација на бегалците;
- хуманитарна помош во храна, хигиена, облека, лекови и сл.;
- лекарска асистенција;
- прва помош;
- прва психолошка помош;
- спојување на семејства;
- информативни центри;
- образовни активности;
- активности за интеграција.

Во сите активности, Црвениот крст ги стави своите капацитети на располагање и беше отворен за доброволно вклучување на волонтери кои сакаат да пружат помош на ранливи категории лица.

Особено карактеристично е тоа што во повеќе наврати Црвениот крст дел од бегалците ги вклучува во процесот на даватели на услуги како дел од нивната интеграција или психолошка работна терапија, а на тој начин диркткно и непосредно допира до потребите на лицата бегалци и баратели на азил.

Во периодот на сите бегалски кризи Црвениот крст на РСМ е во постојана комуникација со Меѓународниот Комитет на Црвен крст и Меѓународната федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина.

# КРИЗНА СОСТОЈБА

## Анализата на одговорот на Црвен крст на Република Северна Македонија на мигрантската криза во Република Северна Македонија 2015-2020



Од формирањето до денес, Црвен крст на Република Северна Македонија како хуманитарна организација и национално друштво со полноправно членство во Меѓународната федерација на националните друштва на Црвениот крст и Црвената полумесечина, бележи и успешно се справува со неколку кризи и природни катастрофи кои ја зафатија Република Северна Македонија, како што е хуманитарната асистенција на бегалците од БиХ, бегалците од Косово, внатрешно раселените лица по конфликтот во 2001 година како и справување со последиците од катастрофалните поплави во околината на Скопје, со што во текот на своето седумдесет и пет годишно работење, на тој начин успеја да даде адекватен одговор во услови на прогласена хуманитарна или природна катастрофа, но и да извлече поуки и научени лекции кои ќе послужат како егземплар за генерациите кои доаѓаат. Предводени од визијата, мисијата, задачите и целите на Црвениот крст, организацијата само пред пет години отсега, повторно се најде во состојба да одговори на нов хуманитарен предизвик кога на портите на јужната државна граница се соочи со масивен бегалски бран, настојувајќи „a priori“ да ја ублажи ранливоста, да го намали човековото страдање, но и да го сочува човековото достоинство, притоа водејќи сметка за заштита на животот и здравјето на речиси еден милион бегалци и мигранти од државите на Блискиот Исток и Средна Азија кои во текот на 2015 година, но и ден денес и покрај затворањето на т.н Балканска рута, сѐ уште транзитираат низ Република Северна Македонија во обид да стасаат до посакуваната дестинација во некои од државите – членки на Европската Унија. Поттикнати од чувството за хуманост и солидарност, ЦКРСМ како член на Главниот штаб при Управувачкиот комитет за координација и управување во Системот за управување со кризи, со првите најави за наплив на мигранти кои пешки се движеа од Гевгелија кон Куманово, веднаш започна со мобилизација на своите редови, така отварајќи нова страница за хуманитарен одговор во мигрантската криза.

# 1. ПОЧЕТОЦИ НА МИГРАНТСКАТА КРИЗА И ОДГОВОРОТ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




Мигрантската криза што ја зафати Европа во 2015 година и отворањето на т.н. Медитеранска, а подоцна Источно - Медитеранска и Западна Балканска рута, не бележи ниту научен, ниту заеднички политички консензус за тоа кога точно би можеле да се дефинираат првите почетоци на големата мигрантската криза во поновата светска и европска историја. Некаде на почетокот на 2013 година, европските лидери веќе ги добиваа првите алармантни податоци за големи човечки загуби и давење на мигранти во водите на Медитеранот, со кулминација на човековите страдања во април 2015 година, кога 800 мигранти ги загубија своите животи во обид да преминат од Либија кон Италија[6].

Ваквите поразителни бројки и разгорувањето на граѓанската војна во Сирија сепак ги натераа лидерите на единаесет европски држави да одржат итен Самит во април 2015 година, на кој беа донесени основните постулати за заеднички одговор на членките на ЕУ, со префрлување на целата тежина на една држава членка, т.е на Италија[7]. Таквиот тренд секако не застана на една изолирана рута, со што, некаде во втората половина на 2015 година, можеа да се забележат и првите организирани движења на ирегуларната миграција од Блискиот Исток како и од државите од Средна Азија низ територијата на РСМ, иако таквиот тренд една година претходно со откривање на стотина мигранти во товарен воз близу Велес ги навести првите појавни облици на масовна миграција, пропратено со несреќни случаи на загуба на човечки животи и на македонско тло, кога во железничка несреќа близу Велес во обид да стасаат до северната граница и користејќи ги железничките пруги како патоказ, во критичен момент поради починка од долгиот пат, од удар на меѓународен воз на 24 април 2015 година загинаа 14 мигранти од Авганистан со што бројката на загинати ирегуларни мигранти се искачи на 25 лица, откако претходно две лица го загубија живо-

6 https://www.unhcr.org/news/briefing/2015/4/553652699/mediterranean-boat-capsizing-deadliest-incident-record.html
7 http://reliefweb.int/sites/reliefweb.int/files/resources/EUCrisisResponse_FINALWEB.pdf, стр.8




тот близу Гевгелија. Таквите рискантни движења, на почетокот во обем на спорадични организирани групи кога некои од мигрантите наместо да ја користат Централната Медитеранска рута, избираа да стигнат до посакуваната дестинација во некои од државите на Европска унија со движење низ РСМ како рута која овозможуваше побрз премин, но и поризични услови за нивен транзит, доведе и до зголемување на кривичните дела од областа на насилниот криминал и кривични дела против животот и телото кога мигрантите станаа мета на физички напади, грабежи и тортура, но и убиства. Оттука, а следејќи го растечкиот тренд на движење на ирегуларната миграција, можеше да се наговести дека мигрантската криза сепак нема да ја заобиколи и РСМ, следејќи ги извештаите на Министерството за внатрешни работи и годишната статистика во која е наведено дека во 2012 година, откриени се вкупно 682, во 2013 – 1132, во 2014 - 1750 лица, додека само во првите пет месеци од 2015 година, откриени се вкупно 1249 илегални мигранти.[8]

Таквата динамика од друга страна само во рок од еден месец т.е. од април до мај 2015 година, прерасна во динамика на рапидно зголемен миграциски бран што ја зафати државата со почетокот на летото, кога во услови на притисок на јужната граница следствено на одлуката на Европската Комисија за усвојување на Акциониот план во 17 точки[9] според кој се усвои заедничко делување виза ви поединечни национални одговори за одговор во услови на криза и покренување на Цивилните механизми на ЕУ со цел отварање на границите на државите кои се протегаат по должина на Западната Балканска рута за слободен проток на лица - мигранти, по препорака на Управувачкиот Комитет а на предлог на Министерството за внатрешни работи и изгласување на предлог измените на Законот за азил и привремена заштита, во Собранието на РСМ беа донесени измени и дополнувања со што се овозможи слободен проток на лица во движење, односно право на личен избор за изразување на намера за барање на азил или напуштање на јужната односно северната граница во рок од 72 часа, со што РСМ стана дел од познатата Балканска рута. Оттука, под притисок на јавноста и невладиниот сектор на слобода беа пуштени голем број илегални мигранти сместени во Прифатниот центар за странци Гази Баба каде во супстандардни услови, заедно престојуваа мажи, жени и деца односно лица во движење задржувани поради законската обврска за утврдување на нивниот идентитет согласно тогашните важечки законски решенија содржани во Законот за странци.

8 https://mvr.gov.mk/vest/155
9 https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/it/IP_15_5904

Сè до стапување на сила на измените на Законот за азил и привремена заштита (ЗАПЗ)[10], т.е почнувајќи од мај 2015 година кога од Гевгелија пешачејќи, а подоцна и користејќи велосипеди, и тоа предоминантно од страна на бегалци од Сирија, Ирак, Пакистан и Авганистан, во РСМ веќе се надзираше почетокот на отворање на нова „en route" епоха што отвори низа горливи прашања за организиран одговор на РСМ и активирање на механизмите содржани во Законот за управување со кризи, како и адекватен третман на сè поголемиот број на лица со единствена цел да транзитираат напуштајќи ги кампoвите во Турција со тоа што по воден пат преку Грција и поминување на РСМ, Србија и Хрватска преку Австрија, да стасаат првенствено во Германија, но и другите држави – членки на ЕУ токму во период кога РСМ беше на прагот да навлезе во сериозна политичка криза.

Земајќи ги горенаведените факти, Гевгелија на јужната, но и Куманово на северната граница како две погранични општини сместени на територија каде што подоцна беше прогласена кризна состојба, почнаа да ги чувствуваат првите удари на миграцискиот бран, со што во Куманово за таа намена беше отворена и градската џамија каде сè до измените на Законот за азил, престојуваа поголем број на мигранти, со што започна и организирање на невладниот сектор, но и на комуналните претпријатија од општината за обезбедување на минимум услови поради енормно зголемување на бегалскиот бран, додека во Гевгелија, мигрантите престојуваа во и околу Железничката станица од каде подоцна беа префрлени блиску до границата со Грција со удирање на првите темели на современ Транзитно – Прифатен центар наречен "Винојуг". Со цел социјална заштита на категорија на високо ранливи мигранти или мигранти непридружувани малолетници, во втората половина на 2015 година, беше от-



10 Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита се направи дистинкција меѓу намерата за поднесување на барање за признавање направо на азил и формалниот аспект, односно поднесувањето на барањето за признавање на право на азил, од страна на потенцијалните баратели на азил.

ворен и шелтер центар - сигурна куќа со која раководеше Језуитската Служба за бегалци (ЈРС) во РСМ.

Во такви услови, следејќи ги претходните искуства во справување со бегалски бран за време на војната во БиХ како и за време на Косовската криза, но и следејќи ги дневните состојби, а со цел намалување на ранливоста на лицата во движење, ЦКРСМ како член на Главниот штаб и облигациите кои произлагаат од членството во Националниот Систем за управување со кризи[11], започна со итна мобилизација и организирање на првите мобилни тимови со што со преку Програмата за помош и поддршка на бегалци и мигранти по должина на автопатот Гевгелија – Куманово започна со дистрибуција на пакети храна и вода, со укажување на прва медицинска помош и пружање психо-социјална поддршка при што беа асистирани вкупно 6893 лица (период мај – јуни 2015 година), со ангажирани 25 волонтери, и тоа 10 парамедици, четворица доктори по општа медицина, четворица возачи, пет лица задолжени за логистика како и две лица задолжени за координација на тимовите на терен. Поради идентификуваната потреба, во насока на личната безбедност на лицата кои во овој период се движеа по железничките пруги, поставени беа табли на повеќе јазици покрај пругите сè со цел безбедно движење на мигрантите.




**Приказ на движење на мигрантите низ т.н Западна Балканска рута според податоците УНХЦР**

**Извор: UNHCR**

11 Главниот штаб претставува оперативно стручно тело при Центарот за управување со кризи, кое раководи со активностите за превенција и справување со кризни ситуации. Главниот штаб е составен од претставници на министерствата за: внатрешни работи, здравство, транспорт и врски, одбрана и надворешни работи. Негови членови се и раководителот на Итната медицинска помош во Скопје, директорот на Дирекцијата за заштита и спасување, како и претставници на Армијата, Агенцијата за разузнавање, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и Црвениот крст на Република Македонија. Директорот на Центарот за управување со кризи раководи со Главниот штаб, по член 26 од Закон за управување со кризи („Службен весник на Р.М."бр. 29/05)

Со развојот на настаните и официјалната одлука на Управувачкиот комитет по предлог на Групата за проценка за прогласување на кризна состојба на северната односно јужна граница поради напливот на мигранти на 19 август 2015 година[12] и давање препорака за изградба и етаблирање на два транзитно – прифатни центри сместени во Гевгелија и Табановце на границата со Србија каде мигрантите пешачејќи поминуваа на српската страна со што Регионалните центри за управување со кризи обезбедија контролен влез, евиденција на бегалците и мигрантите и организирано укажување на хуманитарна, медицинска и друга потребна помош, како и организиран транзит, ЦКРСМ навлезе во втората фаза од хуманитарниот одговор со поставување на контејнери, т.е. амбуланти за прва помош со посебен контејнер наменет за карантински потреби, центри за дистрибуција и контејнери за прием на лица кои бараа помош во воспоставување на семејни врски и семејно обединување. Со таквата поставеност, во услови на континуиран транзит на лица од Гевгелија кон Куманово, во меѓувреме ЦКРСМ обезбеди и овластени преведувачи од арапски на македонски јазик и обратно, за да се излезе во пресрет на мигрантите со обезбедување на егзактен превод при укажување на прва помош, односно во сите оддели на Црвениот крст во склоп на транзитните центри, притоа водејќи сметка за соработка со сите државни институции како што е Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерство за внатрешни работи, Македонски железници, УН агенции и останати невладини организации во насока на координиран пристап, секако во најдобар интерес на мигрантите.

Со зголемениот миграциски бран, ЦКРСМ констатираше дека е потребно и градуално зголемување на бројот на ангажираните волонтери, па така, со етаблирањето на прифатните центри, во ПТЦ Винојуг и ТЦ Табановце 24 – часовно во две смени беа присутни 22 парамедици, 22 лекари, шестмина преведувачи, 10 возачи, 55 волонтери за дистрибуција на хуманитарна помош, 45 логистичари, шестмина волонтери распоредени во Службата воспоставување семејни врски и 21 волонтери задолжени за координација на активностите на Црвениот крст, т.е вкупно 187 ангажирани лица.

Според статистичките податоци  на МВР, во периодот помеѓу јуни 2015 до јануари 2016 година, низ Република Северна Македонија, организирано поминале 384.481 лица, од кои на 134.486 лица им е пружена хуманитарна помош со дистрибуирани 33.491 пакети со храна, како и  7.088 хигиенски пакети.

Во горепоменатиот период, од страна на Министерството за внатрешни работи, издадени се вкупно 384.481 потврди за странски државјани, од кои 207.398 за лица од машки пол, 65.076 за лица од женски пол, 93.892 за деца кои го придружуваат носителот на потврдата, како и уште 18.115 деца кои патувале без родител, а на кои им е издадена потврда за искажана намера за поднесување на барање за признавање на право на азил.

Според државјанството на лицата на кои им се издадени потврди, најбројни се државјаните на Сирија - 214.266 потоа Авганистан - 94.912, Ирак - 53.862, Иран - 6.231, Пакистан - 5.416, Палестина-2.158, Сомалија -1.276, Бангладеш-1.253, Мароко-1.317, Конго - 514, Алжир - 453, Либан - 434, Нигерија-279, додека останатите се во помал број.

12 Види Анализа на прогласената кризна состојба на дел од територијата на Република Македонија и тоа на подрачјата на јужната и северната граница на Република Македонија, заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението за период од прогласувањето на 19.08.2015 до 17.09.2015, Центар за управување со кризи, стр. 3

**Донатори:**

Црвен крст на РС Македонија во партнерство со Високиот комесаријат за бегалци (УНХЦР), Меѓународната федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина и Меѓународен Комитет на Црвен крст и Германски Црвен крст, во 2015 година даваше поддршка на мигрантите кои транзитираа низ нашата земја. Голем број на други партнери се вклучија во активностите во текот на 2015 година. За најмладите поддршката ја даваше СОС Детско село и Save the children - Македонија, УНИЦЕФ и УНФПА во делот на облека и детската облека, Амбасадата на САД во делот на зимската облека, Македонски Каритас ја обезбедуваше поддршката за мобилната кујна за непречена дистрибуција на чај и супа.

Во целата конфузна состојба, одредени организации како Хелсинсшкиот Комитет за човекови права[13] ја застапува тезата дека бројката на транзиторни мигранти е секако поголема од регистрираната со оглед дека регистрацијата на пристигнати мигранти започна во јуни 2015 година, и дека сивата бројка на лица кои транзитирале низ РСМ го надминува бројот од еден милион поминати бегалци и мигранти. Од друга страна, Агенцијата за разузнавање[14] во јавно објавените статистички податоци наведува дека согласно неможноста на некои институции да извршат целосна регистрација, сепак проценува дека низ РСМ поминале повеќе од 880 000 лица, додека само 472.937 од нив се регистрирани на македонска страна, и тоа од 22 земји на потекло од Африка и Азија. Агенцијата во извештајот наведува дека 51 процент од нив ја декларирале Герма-

| Година | Број на лица кои поднеле барање за азил во Македонија | Лица на кои им е доделена меѓународна заштита |
|---|---|---|
| **2011** | 744 | |
| **2012** | 638 | |
| **2013** | 1353 | |
| **2014** | 1289 | |
| **2015** | 1895 | |
| **2016** | 762 | 7 |
| **2017** | 162 | 5 |
| **2018** | 299 | 6 |
| **2019** | 505 | 1 |

Извор: НВО Македонско Здружение на Млади правници[15]

13 https://mhc.org.mk/publicationsanalyzes/pravata-na-begalczite-naczionalni-i-meg/
14 https://www.ia.gov.mk/FolderNovosti/Statistika.pdf
15 https://myla.org.mk/%d0%be%d0%b1%d0%bb%d0%b0%d1%81%d1%82%d0%b8-%d0%bd%d0%b0-%d0%b4%d0%b5%d0%bb%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5/%d0%b1%d0%b5%d0%b3%d0%b0%d0%bb%d1%86%d0%b8-%d0%b8-%d0%bc%d0%b8%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%bd%d1%82%d0%b8/

ција како своја крајна дестинација, но и тоа дека дури 71 процент од нив изјавиле дека ја напуштаат својата држава поради воена состојба, страв и нарушена безбедност што само ја потврдува оправданоста за рапиден хуманитарен одговор со цел намалување на траумите и изложеноста на овие лица да им се помогне во услови на долг и макотрпен транзит без разлика на нивната крајна дестинација.

Што се однесува до изразениот интерес за искажување намера за барање на азил во РСМ пред и во текот на непречениот транзит, согласно податоците со кои располага НВО Македонско Здружение на Млади правници како невладина организација партнер на Високиот Комесаријат за бегалци при ОН за обезбедување на правна помош на лица под мандат на УНХЦР во Република Северна Македонија, преку своето присуство во транзитни центри со цел пружање на бесплатна правна помош за баратели на азил и бегалци при поднесување барање за признавање на право на азил во сите фази од постапката до добивање на конечна одлука, може да се заклучи дека од приближно еден милион транизитирања, релативно мал број изразиле интерес за барање на азил во РСМ, и најчесто, искуствата од терен индицираа дека мигрантите речиси и да не знаеја каде се наоѓаат и секогаш стремејќи се да заминат со првиот воз, и во случај одредено лице да не можеше да го продолжи патот поради болест, хоспитализација или раѓање, согласно законската обврска да ја напушти територијата на РСМ во рок од 72 часа или во спротивно да побара азил, таквите лица по сила на закон мораа да поднесат барање за азил, и по закрепнување, веднаш да ги напуштат границите на РСМ.

Не насетувајќи крај за слободниот проток, мигрантите продолжија по транзитниот пат во потрага по подобар и посигурен живот, додека во РСМ веќе се надзираше продлабочена политичка криза, па така одржувањето на Предвремени парламентарни избори во декември 2016 година, во голема мера влијаеше и се одрази и на прашањето за третман и прифат на бегалци и мигранти, но и одговор на РСМ со претстоечкото затворање на т.н Балканска рута, посебно во делот на овластувањата на Граничната полиција, носењето одлуки и имплементација и почитување на обврските кои произлегуваа од важечката Стандардно Оперативна процедура[16] изработена од Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција при Владата на РСМ со потсредство на Канцеларијата на УНХЦР во Скопје за постапување со непридружувани малолетници – странци, како и почитување на "**non refoulment**" т.е. Принципот на невраќање согласно чл.4 од Протоколот бр. 4 на Европската конвенција за заштита на човековите права каде изрично се забранува колективно протерување на странци, согласно чл. 29 од Уставот на РСМ каде се гарантираат правата и слободите загарантирани со Устав и утврдени со закон и меѓународни договори на кои е потписничка и Република Северна Македонија, но и за задржување на отворениот карактер на двата прифатни центри и системот на упатување на високо ранливите категории на бегалци и мигранти пронајдени на илегалните рути во транзитните центри, кои во најчест случај и покрај расположивите капацитети, ќе останат празни иако податоците за згрижени ирегуларни мигранти од страна на мобилните тимови на Црвениот крст ќе го сведочат спротивното.

16 http://nacionalnakomisija.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/SOP-za-postapuvanje-so-nepridruzuvani-deca-stranci.pdf

# 2. ХУМАНИТАРНА АСИСТЕНЦИЈА ПО ЗАТВОРАЊЕТО НА Т.Н. БАЛКАНСКА РУТА



Со поминување на зимата и тешките услови за пешачење од македонска кон српска страна за да стасаат до соседното погранично српско село Миратовац, мигрантите со автобуси заминуваа кон Белград, а подоцна и кон Хрватска, откако Унгарија постави жичана ограда за спречување на влез на мигранти и покрај фактот што е членка на ЕУ. Некаде на средината на февруари 2016 година, проследено со подигнување на втората жичана ограда на јужната граница во должина од 35 километри лево и десно од граничниот камен – кота 59, дојде и владината одлука да се затвори слободниот проток на мигранти кои не доаѓаат од воено – кризни подрачја. Ова значеше забрана за премин на економски мигранти од Авганистан, Пакистан, Бангладеш и други држави од Средна Азија, а динамиката на организираниот железнички транспорт на мигранти започна да бележи благо намалување. Со задржување на т.н. економски мигранти во двата Прифатно – транзитни центри и постепено враќање кон користење на илегалните рути на јужната граница, но и во општина Липково, т.е. во селата Лојане и Ваксинце каде во текот на отворената Балканска рута дојде до целосно запирање на илегалните движења, со што усвојување на договорот помеѓу ЕУ и Турција и одлуката на Европската Комисија од 18 март 2016 година целосно да се затвори слободниот проток, дојде до запирање на вонредната железничка линија, но и до отварање на нов предизвик за националниот кризен менаџмент да обезбеди адекватен престој на приближно 1500 мигранти кои останаа заглавени во ТЦ Табановце, од кои 450 своеволно во знак на протест останаа да престојуваат во импровизиран камп наспроти граничниот камен кон соседна Србија во обид да ги притиснат лидерите да не ја затвораат познатата рута, но безуспешно.

Во време кога во ТЦ Табановце беше преоптеретен сместувачкиот капацитет, со сместување на 1500 мигранти од мешан состав во капацитет за сместување на максимум 500 лица, имаше можност да се развие нетрпение како по националност основа, така и по прашање на пол и возраст спротивно на почитување на верските и религиозни права и слободи. Во ПТЦ Гевгелија заглавени останаа 130 лица кои месеци подоцна беа држени под строга контрола на Граничната полиција при РЦ Југ и секој обид на Министерството за труд и социјална политика како државна институција задолжена за прифат и сместување на мигрантите во двата прифатни центри да пренасочи дел од заглавените мигранти од север кон југ, завршуваше неуспешно. Ова беше до причина што самите мигранти веруваа во ново отварање на рутата, но и од страв дека враќањето кон југ ќе значи и нивна депортација кон Грција, односно кон

17 https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/it/MEMO_16_1494

Турција како држава во која биле првично регистрирани согласно договорот помеѓу ЕУ и Турција за враќање на мигрантите во сигурна земја за сметка на релокација на мигрантите од Сирија во трети земји.

Регионалниот Центар за управување со кризи Куманово согласно законските регулативи задолжен за координација на сите актери, институции, меѓународни организации и олеснувачи на мигрантската криза, во ТЦ Табановце, соочени со ваков предизвик, започна со итно поставување на мобилни шатори во сопственост на ЦКРСМ, проследено со забрзана работа за отворање и отпочнување со работа на трпезаријата/ мобилна кујна наменета за дистрибуција на топли оброци во организација на МТСП, со што подоцна улогата за снабдување на храна беше доделена на ЦКРСМ во координација со останати донатори, како што се НВО Македонски Каритас, НВО НУН, НВО Легис, НВО Мајка Тереза, НВО Ел Хилал, НВО Класја на добрината, НВО Агапе и останати граѓански и верски здруженија, воспоставување на ВИ – ФИ мрежа



финансиски поддржано од СОС Детско село, изградба на современ дистрибутивен центар со целосно отстапување на надлежностите за дистрибуција на ќебиња, облека и хигиена на ЦКРСМ, одржување на камповите потпомогнато од Дански Совет за бегалци, поставување на санитарни чворови и тоалети за инвалиди, изградба на мала пречистителна станица и станица за водоснабдување со потсредство на ИОМ, потоа соларен систем за обезбедување топла вода во бањите, отварање на градинка потпомогнато од УНИЦЕФ и СОС Детско село, место за анимирање на деца од предучилишна возраст во организација на НВО Отворена порта – Ла Страда, мониторинг на почитувањето на човековите права во соработка на Хелсиншкиот комитет за човекови права и НВО Легис,како и отстранување на модуларните куќички донирани од канцеларијата на УНХЦР во Скопје со замена со метални контејнери (Монтирани од страна на претходно обучен тим на Црвениот крст составен од 15 лица донирани од ИОМ, НВО Адра и НВО Католички служби за помош, вклучување на тимови од Министерството за здравство задолжени за секундар-

18 Rub hall или рабхол е комерцијално име за голем мобилен шатор што се користи во итни ситуации, и/или во хуманитарни или природни катастрофи.



на здравствена нега преку проект поддржан од “Project Hope” и Меѓународната Организација за миграции (ИОМ), но и тимови на Центарот за јавно здравје Куманово кои спроведуваа масовна дезинфекција на целокупниот простор во кампот со сите помошни простории и вакцинација на мигрантите од цревен тифус, како и отворање на импровизирани училници за неформално образование со цел да обезбеди адекватен престој предоминантно на големиот број присутни деца и малолетници. Во тој период, поточно од средината на март до јуни 2016 година, целокупното внимание беше насочено кон условите во северниот транзитен центар, што секако не го запре и етапното самостојно заминување на лицата кон илегалните рути согласно отворениот карактер на кампот Табановце, со што, некаде од јули 2016 година до февруари 2017, во кампот престојуваа близу 50 заглавени мигранти кога со билатерален договор помеѓу Грција и РСМ за враќање на мигрантите од земјата од каде пристигнале во РСМ, беа транспортирани кон ГП Богородица каде и беа предадени на тамошните власти. Оттука, според неофицијалните информации, сите мигранти се распоредени во трети земји. Информациите за повторно отварање на илегалните рути, секако во ЦКРСМ не останаа незабележани со оглед на повторната висока изложеност на лицата во движење на различни противзаконски влијанија и зголемување на нивната ранливост, па така со одлука на Управувачкиот Комитет, а на предлог на ЦКРСМ, на средината на август 2016 година беше воспоставен Мобилен тим за хуманитарна асистенција и помош и поддршка на ирегуларната миграција со востановување на канцеларија за врски во с. Липково, подоцна префрлена во с. Лојане каде со редовни мотопатроли во двете погранични села во општина Липково, поточно во с. Лојане и Ваксинце, тим составен од четворица волонтери, и тоа возач – животоспасувач, доктор, преведувач од арапски јазик и социјален работник се работеше на намалување на ранливоста на лицата во движење преку пружање на прва помош, дистрибуција на храна и промоција на хигиена со дистрибуција на пакети хигиена и пружање психо – социјална поддршка на мигрантите малолетници кои во селата пристигнуваа во сè поголем број.

Мобилниот тим на Црвен крст кој оперативно беше ангажиран во регионот на северната граница на РСМ (селата Липково, Лојане , Ваксинце) отвори нова етапа во одговор на Црвениот крст во услови на сè уште актуелната мигрантска криза и покрај затворањето на т.н Балканска рута. Ова беше проследено со спорадични критики од различни претставници на државните институции дека на тој начин се индуцира илегалното движење, иако подоцна таквата реторика беше оставе-

на настрана откако се испостави дека Црвениот крст како дел од националниот систем за организиран одговор на РСМ во услови на прогласена криза, на тој начин го олеснува животот на локалното население кое континуирано беше под закана и притисок од групите мигранти кои влегуваа во приватните имоти во обид да дојдат до храна. Мобилните тимови воспоставија неутрален систем на работа и целосна независност во своето работење, запазувајќи го принципот „не наштетувај“ („do no harm“) и градење доверба како со државните институции, така и со локалното население поткрепено со ангажирање на волонтери од двете погранични села, како и преку дистрибуција на хуманитарни пакети храна и хигиена за социјално ранливите семејства, со вкупно згрижени 1833 ирегуларни мигранти почнувајќи од август до 1 јануари 2017 година.

Почетокот на 2017 година како година, кога доаѓа до целосно затишје по прашање на доскорешната актуелна мигрантската криза и целокупната светска медиумска јавност кон РСМ, со затворањето на Балканската рута. Транзитните центри останаа речиси празни, со строго контролиран влез и прием на мигранти од страна на Граничната полиција при РЦ Север и РЦ Југ, контра повторното разгорување на илегалните рути и зголемување на бројот на ангажираните волонтери – членови на Мобилниот тим Липково, со што од првичните четворица ангажирани волонтери, тимовите се зголемија петкратно. Во насока на надградување на постоечките капацитети од осум, тимовите во почетокот на 2017 година броеа 20 волонтери, со што на терен беа присутни четири мобилни тимови задолжени за патрола и асистирање на ирегуларните мигранти со укажување прва помош, дистрибуција на храна и вода, промоција на хигиена, психо – социјална поддршка и воспоставување на семејни врски но и со континуирана присустност на тимови на Црвениот крст во двата транзитни центри.




https://frontex.europa.eu/along-eu-borders/migratory-routes/western-mediterranean-route/

*Графички приказ на број на илегални преминувања преку Балканската рута според Фронтекс*

Според месечните извештаи на ЦКРСМ,во текот на 2016 година, во двата транзитни центри, дистрибуирани се 16 446 пакети со храна и 12 495 пакети со прехранбени продукти. Во истиот период, медицинските тимови бележат 83.928 асистенции и интервенции додека во липковскиот регион пружена е медицинска помош на 2.128 лица.

Во службата за воспоставување на семејни врски, функционираа два тимови, и тоа еден во ТЦ Табановце составен од две лица односно еден тим во ПТЦ Гевгелија исто така составен од двајца волонтери. Тимовите за таа цел имаа посебни контејнери и целосна опрема за воспоставување на семејни врски. Поддршката во овој дел ја даде Меѓународниот комитет на Црвениот крст. Во 2016 година, регистрирани беа 464 случаи кога мигрантите побараа помош за воспоставување на семејни врски/семејно обединување.

Во текот на 2016 година беа спроведени обуки за дисеминација како на постоечките тимови во двата центри така и на мобилниот тим. Тимовите се запознаа со организацијата, движењето, активностите на организацијата, историјатот, принципите и Женевските конвенции. Во рамките на обука се здобија и со знаење за правилна употреба на амблемот, правилно фотографирање и користење на фотографии на социјалните мрежи. Мобилните тимови во истиот период континуирано добиваа психосоцијална поддршка изразена преку индивидуални средби, групни терапии како и преку неколку семинари кои беа реализирани во Центарот за едукација на Црвен крст во Струга со цел зајакнување на тимовите и тимската работа.

Спроведена е и обука за дисеминација на учениците во регионот на Лојане, Липково и Ваксинце како и едукција за здравствена заштита и првата помош. Со обуките беше опфатен 151 учесник.

Главни партнери и донатори за целата операција беа Високиот комесаријат за бегалци (УНХЦР), Меѓународна федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина, Меѓународен комитете на Црвен крст. Покрај нив како донатори се јавуваат и УНФПА, СОС Детско село, УНИЦЕФ, Германски Црвен крст, Македонски Каритас, Solidarite, НВО Save the children - Македонија и други.

Во периодот јануари - декември 2017 година, дистрибуирани беа 23 155 пакети со хигиенски производи, 174 888 готова храна (топли оброци). Регистрирани се 10 410 асистенции и интервенции и укажување на прва помош, 6 540 асистирани лица во ирегуларна миграција и 726 лица сместени во Прифатен центар за бегалци и мигранти во Винојуг и Табановце.

Во текот на 2017 година, низ селата Лојане, Ваксинце, Сопот и Табановце, вкупниот број на згрижени лица од страна на Мобилниот тим Липково изнесува 3716, во Гевгелија 1571, во ТЦ Табановце, асистирани се 574 ирегуларни мигранти.

- Во текот на 2017 година во Прифатниот Центар за странци – Гази Баба во Скопје згрижени се 389 мигранти/бегалци од кои Црвениот крст бележи вкупно 419 медицински прегледи.
- Во текот на 2017 година вкупно 170 001 мигранти/бегалци се регистрирани дека се влезени на територија на Република Северна Македонија од кои вкупно асистирани од страна на мобилните тимови на Црвен крст се 7 655 мигранти/бегалци. Извор: Канцеларијата на високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации – УНХЦР во Македонија.



Во текот на 2017 година, тимовите за воспоставување на семејни врски регистрираа 135 случаи.

Со цел интерно информирање, но и информирање на останатите партнери и донатори за тековните проекти и спроведени активности, ЦКРСМ во текот на мигрантската криза започна и со изработка на дневни извештаи проследени до МВР и Регионалните центри за управување со кризи и тоа на дневна основа, како и изработка на неделни и месечни извештаи до канцеларијата на УНХЦР во Скопје и неделни извештаи до Центарот за управување со кризи. Тука се вбројуваат и неделните извештаи до Регионалната делегација на Црвениот крст и Црвената полумесечина во Будимпешта, редовна комуникација со медиумите и користење на специјални мрежи за споделување на разни информации од интерес на оваа програма.

Почнувајќи од февруари 2017 година, со развој на околностите на терен и воочување на потреба од згрижување на ранлива категорија на мајки и деца мигранти во движење, покрај постоечката канцеларија на мобилниот тим во с. Лојане лоцирана на т.н Миратовачки пат од каде мигрантите заминуваа кон околните шуми, ЦКРСМ донесе одлука за отворање на уште една канцеларија во с. Ваксинце каде првенствено се згрижуваа мигранти од Пакистан (исклучиво мажи самци), со паралелно отварање на занимална за деца во канцеларијата во с. Лојане, т.е детско катче поддржано од НВО "Save the children", каде беше воведена 24h WI – FI мрежа, со ТВ и ДВД со достапни анимирани филмови за деца на арапски јазик, и посебен дел за добивање топол оброк, формула и храна за бебиња, простор за одмор и релаксација на децата чии родители одбиваа да побараат институционално згрижување во кампот Табановце, како и бања за жени – мигранти, ангажирање на социјален работник и педагог, овластени преведувачи од Урду и Пашту дијалект типичен за мигрантите по потекло од Пакистан, но и двајца волонтери по потекло од Сирија – баратели на азил во РСМ ангажирани како преведувачи од арапски јазик, со акцент на згрижување на лица во движење во услови на прогласен студен бран и помагање на локалното население.

Согласно статистичките податоци содржани во годишните извештаи на ЦКРСМ, по должина на северната граница во текот на 2017 година биле згрижени вкупно 3716 лица со блиску 700 кои одбиле било каква помош, проследено со нагло зголемување на мигранти околу ТЦ Табановце по потекло од Алжир, Тунис и Мароко кои пристигнуваа користејќи ги товарните возови кои сообраќаа на релација Гевгелија - Табановце, но и на мигранти од Пакистан и појава на ретроградни движења од Србија кон Грција и депортирање на мигранти фатени во организирани крумчарски канали преку ПС за ГН Сопот со дозволена асистенција од страна на мобилните тимови да се дистрибуира храна и вода до нивното заминување, но и да се укаже прва медицинска помош. Од друга страна, во ПТЦ Винојуг истата година, од страна на мобилните тимови при ЦКРСМ згрижени се 1571 ирегуларни мигранти, т.е мигранти кои веднаш по пронаоѓањето и асистенција од страна на Црвениот крст беа враќани назад кон Грција, 289 мигранти кои биле регистрирани и институционално згрижени во рамките на кампот, односно 574 лица кои биле регистрирани и институционално згрижени во ТЦ Табановце версус 437 кои биле асистирани вон институционално. Истата година, Министерството за внатрешни работи ја воспостави и Националната единица за сузбивање на криумчарењето мигранти и трговија со луѓе позната како TASK FORSE (единица организирана за специјална / наменска операција) со најава за уште поголема борба со таквиот вид криминал и намалување на страдањата на мигрантите, со што, земајќи ја во предвид и длабоката политичка криза, од ова временска дистанца може да се заклучи дека 2017 година ќе остане запаметена како година со многу предизвици по прашањето за мигрантската криза, кога поради одредени политички превирања, по апел на извесно граѓанско здружение, граѓаните да ги дадат своите потписи во знак на противење за на-

водна изградба на бегалски кампови во Македонија, се искористи како подлога за ширење на антагонизам и говори на омраза против мигрантите, секако поттикнато од најавеното усвојување на Националната Стратегија за бегалци и мигранти 2017 – 2027 како пандан на десетгодишната стратегија од 2007 - 2017, која се уште не е донесена.




## КАМПАЊА ЗА ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО ЗА ХУМАНИТАРНИТЕ ПОТРЕБИ НА МИГРАНТИТЕ

## “СТОП ЗА РАМНОДУШНОСТА- ДА ЈА ПОТТИКНЕМЕ ХУМАНОСТА”

Црвениот крст на Република Северна Македонија со поддршка на Меѓународната федерација на друштвата на Црвениот крст и Црвената полумесечина во 2016 година реализираше кампања за подигање на свеста кај населението за хуманитарните потреби на мигрантите и активностите за поддршка кои ги спроведува Националното друштво.

Главна цел на истата беше подигање на свеста кај населението за хуманитарните потреби во време на миграции предизвикани од природни катастрофи и катастрофи предизвикани од човекот.

Кампањата се одвиваше во неколку фази и вклучуваше одржување на работилници со посебни целни групи од страна на обучени дисеминатори од сите Општински организации на Црвениот крст и Црвен крст на град Скопје, печатење на флаери и постери, подготовка на видео спот, истражување на јавното мислење, работилница со претставници од медиуми, брендирање на автобуси од јавниот превоз, организирање на јавни фото - изложби, промовирање на кампањата на веб страни и социјални медиуми и сл. Во првата фаза се одржа работилница во едукативниот центар Солферино во Струга на која присуствуваа вкупно 43 лица кои поминаа обука за спроведување на работилници на територија на својата општина за подигање на свеста кај населението за хуманитарните потреби на мигранти и бегалци кои транзитираат низ РСМ. За самите обуки беа отпечатени флаери и постери на македонски и албански јазик, со што дел од флаерите беа дистрибуирани преку дневните весници Дневник и Коха.

На локално ниво, во ист контекс беа одржувани едукативни работилници со споделување на информации за улогата на Црвениот крст во мигрантската криза, како и за бројката на транзиторни мигранти, дистрибуирана помош од страна на ЦКРСМ како и за бројот на транспорти и поддршката што ЦКРСМ ја добива како Национално друштво. Преку работилниците, на локално ниво беа опфатени 2 656 лица.

Како дел од планираните активности беше и поставувањето на изложба на фотографии од активностите за поддршка на мигрантите и бегалците кои транзитираат низ РСМ.



Во овој период, на зградата на Црвен крст на РСМ, поставен беше екран за емитување на видео материјали преку кој населението можеше да се запознае подетално со активностите од терен. Емитувани беа и пораки преку кои се упати порака до јавноста за подигање на свеста за прашањето на миграциите и сензитизирање на популацијата по ова прашање.

# 3. ХУМАНИТАРНА АСИСТЕНЦИЈА НА БЕГАЛЦИ И МИГРАНТИ ВО ПЕРИОДОТ 2018 – 2020 ГОДИНА



Со отпочнување на третата година од почетокот на мигрантската криза, во 2018 година доаѓа до повторно расплламтување на ирегуларното движење на бегалци и мигранти, при што Црвениот крст и понатаму продолжи да обезбедува 24 часовно присуство во двата транзитни центри, како и 12 часовно присуство во двете северни погранични села во општина Липково, со вкупно ангажирани 60 волонтери распоредени во осум тимови, при што во текот на целата година, дистрибуирани се 1 222 пакети со хигиена, 5 704 пакети со храна, 32 704 готова храна (топли оброци), 35 097 асистенции и интервенции и укажување на прва помош со асистирани 21 911 ирегуларни мигранти. Во периодот јануари - декември 2018 година, регистрирани се 77 случаи за воспоставување на семејни врски.

Во 2018 година, 3 675 лица беа сместени во ПТЦ Винојуг, односно 3 675 мигранти во ТЦ Табановце. Секако, 2018 година ја одбележа и движењето на лица од Иран кои искористувајќи погоден момент на визна либерализација со Р. Србија, користејќи ги авионските летови кон Белград, масовно започнаа со премин на македонска страна од каде се упатуваа кон Гевгелија, т.е. кон Грција во обид да стасаат во некои од државите во ЕУ. Во меѓувреме, во с. Лојане со цел привлекување на нови волонтери, дисеминација и врсничка едукација, во организација на ЦКРСМ, беа одржани бројни едукативни предавања наменети за локалното население со цел подигнување на свеста за опасност од ширење на заразни болести при миграциски бран, предавања во рамки на традиционалниот календар на Црвениот крст, отворање на

**Приказ од ирегуларната миграција кај Северната граница на РСМ (2018)**






**Приказ од прифатно транзитните центри Табановце (Куманово) и Винојуг (Гевгелија) (2018)**







Клуб за млади во ООУ Рилиндја во с. Лојане и поттикнување на крводарителството. Реализирана беше и соработка со МВР на РСМ, во делот обука на 1 500 лица, на тема „Превенција од заразни болести“од страна на лекар од Црвен крст. Паралелно со спроведување на редовните активности, ЦКРСМ активно работеше и на надоградба на своите капацитети со спроведување на разни семинари, тренинзи и работилници, како во РСМ, така и вон границите со цел да ги унапреди знаењета на своите волонтери посебно во делот со улогата на Црвениот крст во борба против трговијата со луѓе, делување во услови на катастрофи и промоција на хигиена.

Една година подоцна, т.е. во текот на 2019 година, со настапување на четвртата година од почетокот на мигрантската криза, и сé уште оперативните транзитни центри согласно континуираното продолжување на одлуката за прогласена кризна состојби на двете државни граници од страна на Собранието на РСМ, а по предлог на Управувачкиот комитет, илегалната миграција од ден на ден бележеше постепено зголемување и растечки тренд на прекинати синџири на криумчарење на мигранти на територијата на РСМ, проследено со првите обиди за пренасочување на траекторијата на движење кон источниот дел на државата, но и нагло зголемување на месечните бројки за вкупниот број на згрижени мигранти од страна на Мобилните тимови при ЦКРСМ, а со тоа и справување со предизвикот на привлекување на донатори со оглед дека мигрантската криза контра сите очекувања, не запре со затворањето на т.н. Балканска рута и тоа што мигрантите од година во година станувaа сè повеќе ранливи, уморни, изнемоштени, изманипулирани и лица кои наидуваа на затворени граници и огради без разлика на нивните потреби од барање меѓународна заштита, како што е отворањето на новата рута на движење преку РСМ кон Србија, а подоцна и кон БиХ и нивната голгота во импровизираните кампови на границата со Р. Хрватска каде мигрантите очајно бараа начин да поминат на спротивната страна во обид да продолжат со патот во некои од државите – членки на ЕУ.

Од друга страна, за разлика од БиХ каде мигрантите сами избираа да бидат сместувани во импровизирани кампови, во РСМ и покрај постоечките капацитети, лицата во движење сепак и покрај свесноста за изложување на ризик да станат жртва на криумчарски канали, но и да настрадаат во сообраќајни незгоди како што впрочем и се случуваше да бидат оставени повредени некаде на патот по бегство на возачите на комбињата преполни мигранти, одбираа да ги заобиколуваат прифатните центри, за што сведочат и бројките на згрижената ирегуларна миграција на северната граница од страна на мобилните тимови во с.

Лојане и Ваксинце. Во текот на 2019 година од страна на ЦКРСМ, згрижени се 14 030 мигранти версус 20 580 на јужната граница кои се вратени во Р. Грција веднаш по нивното регистрирање во ПТЦ Винојуг, односно 449 лица кои биле институционално згрижени во кампот, наспроти 2 267 лица кои побарале сместување во ТЦ Табановце, додека 379 лица биле асистирани со укажана прва помош во Прифатниот центар за странци Гази Баба преку медицински пункт (лекар од Црвен крст). Во текот на истата година, ЦКРСМ дистрибуираше 8 936 пакети со храна, односно 14 062 пакети со готова храна и топли оброци, со укажани 23 232 интервенции и асистенции. Што се однесува до бројот на згрижени лица, ЦКРСМ нотира 34 989 згрижени мигранти, од кои 2 716 лица биле згрижени во двата прифатни центри, додека 25 лица побарале помош при воспоставување на семејни врски.

Од друга страна, Министерството за внатрешни работи преку четирите регионални центри дава поинаква слика за движење и спречување на влез на ирегуларната миграција за 2019 година, со што во јавно објавените информации нотира дека во текот на годината спречени за влез се 19 090 лица на границата кај Гевгелија, со вкупно 45 пријави за криумчарење на мигранти, при што биле откриени само 1.529 лица, додека 319 лица престојувале во Центарот за странци Гази Баба, а само 68 побарале азил во РСМ.

Влегувајќи во 2020 година, т.е. петтата година од првите почетоци на мигрантската криза, согласно продолжувањето на одлуката за прогласена кризна состојба на северната т.е. јужна граница, но овојпат наместо на шест месеци, во траење од 30 дена со продолжување на следни 30 поради распуштањето на Парламентот и неможноста таквата одлука да се изгласа во Собранието на РСМ на подолг временски период, Црвениот крст и понатаму продолжи со истата пракса на

**Приказ од ирегуларната миграција кај Северната и Јужната граница на РСМ (2019)**







**Приказ од прифатно транзитните центри Табановце (Куманово) и Винојуг (Гевгелија) (2019)**






**Приказ од ирегуларната миграција кај Северната и Јужната граница на РСМ (2020)**







**Приказ од прифатно транзитните центри Табановце (Куманово) и Винојуг (Гевгелија) (2020)**







хуманитарна асистенција на бегалци и мигранти, со што во своето работење за жал бележи и патроли при што беа најдени човечки тела на починати мигранти во с. Лојане и с. Ваксинце во само еден месец, и асистирање кај мигранти кои пријавуваа наводна полициска тортура и употреба на прекумерна сила од српската страна на границата, повторното враќање на семејства во движење, транспорти до Општата Болница Куманово и Гевгелија поради сериозно влошени здравствени состојби кај одредени мигранти, паралелно во услови на прогласена пандемија од КОВИД - 19, како нов предизвик напоредно со предизвикот да ги заштитити првенствено своите волонтери, но и да обезбеди адекватна медицинска прва помош за мигрантите со дистрибуција на заштитни маски, гелови за дезинфекција и ракавици, но и откривање на суспектните случаи со мерење на телесна температура со безконтактни топломери и користење на системот за упат до Министерството за здравство односно до Центрите за јавно здравје што во услови на важечки полициски час преставуваше посебна потешкотија согласно законските ограничувања за слободно движење и работа под притисок.

Во 2020 година, дистрибуирани се 9468 пакети со храна и 15005 оброци подготвени за консумирање.

Реализирани се 26 830 интервенции за укажување прва помош и асистирани се 43 319 лица-ирегуларни мигранти. Во Прифатните центри Винојуг и Табановце згрижени беа 2937 лица. Службата воспоставување на семејни врски, реализираше 66 спојувања.

Во 2020 година, секако не изостана и депортирањето на мигрантите затечени и откриени во криумчарски канали на северната граница и покрај изразените намери за барање на азил од семејства кои имаа пријавено тортура од извесни организатори на нивен трансфер преку границата со Србија, со што мобилните тимови предводени од мисијата и целите на Црвениот крст

ги исцрпеа сите свои искуства од терен да бидат мост помеѓу жртвите на таквото нечовечко однесување со цел, недолжните жени и деца да бидат институционално згрижени и безбедно предадени на државните институции, во случајот МВР и Министерството за труд и социјална политика.

Согласно шестмесечните извештаи на ЦКРСМ за работа на мобилните тимови во двата прифатно – транзитни центри, но и по должина на северната граница, се доаѓа до заклучок дека мешаните миграциски текови сепак продолжуваат да го брануваат безбедносниот систем, но и да сведочат за високата ранливост и желбата на мигрантите и бегалците од Блискиот Исток и Средна Азија да побараат подобар живот во некоја од државите - членки на ЕУ.

Во тој дух, поставувањето на жичаната ограда од страна на српските власти по должина на северната граница што како проект започна да се одвива во текот на јули 2020 година со најава дека оградата ќе се протега во должина од 400 км, отвара ново прашање за тоа дали жичаната ограда значи и сигурна заштита на државните граници ако се знае дека на југот од државата и покрај заштитната бариера, мигрантите и бегалците сепак наоѓаат начин да преминат од спротивната страна, и дали таквиот пристап ќе го запре мешаниот миграциски бран да не крстосува низ некогашната Балканска рута, но и прашање што ќе се случува со оние мигранти кои нема да имаат можност да го продолжат својот пат во услови на неизгласана кризна состојба.




**Приказ на ирегуларна миграција**

| | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Јануари** | 573 | 955 | 3101 |
| **Февруари** | 672 | 1269 | 4732 |
| **Март** | 894 | 2854 | 2957 |
| **Април** | 1033 | 2559 | 1162 |
| **Мај** | 1867 | 2205 | 1772 |
| **Јуни** | 1982 | 2866 | 4513 |
| **Јули** | 3080 | 3306 | 5733 |
| **Август** | 4457 | 3148 | 5642 |
| **Септември** | 3555 | 4027 | 5284 |
| **Октомври** | 3666 | 4709 | 4059 |
| **Ноември** | 1685 | 3871 | 3294 |
| **Декември** | 932 | 3147 | 1070 |
| **Вкупно** | **24396** | **34916** | **43319** |

**Приказ на ирегуларна миграција**

# ВКЛУЧЕНОСТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ОД ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ОДГОВОР НА МИГРАНТСКАТА КРИЗА




Реакцијата и одговорот на ЦКРСМ на мигрантската криза, зборуваат дека станува збор за една од поголемите операции кои Националното друштво ја спроведува на терен. Покрај материјално- техничките и финансиски ресурси, во одговорот на кризата вклучен е и голем човечки потенцијал. Волонтерите на Црвен крст, кои и претходно биле дел од програмските и проектни активности на организацијата, први беа мобилизирани за имплементација на теренските активности. Нивното претходно искуство, лични компетенции и вештини беа клучни за реализација на операцијата уште од првите моменти. Иако на почетокот се соочивме со недоволно дефиниран систем и механизам за управување со кризна состојба од ваков вид, активностите на терен беа имплементирани во повеќе фази и тоа од самите почетоци па сè до денес.

## СТАТИСТИКА НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВКЛУЧЕНИ ВО ОПЕРАЦИЈАТА

ВКУПНО ВКЛУЧЕНИ ЛИЦА ВО ОПЕРАЦИЈАТА : **201**

ЛИЦА ПРЕТХОДНО ВКЛУЧЕНИ ВО АКТИВНОСТИТЕ НА ЦК : **75 ЛИЦА (37 %)**

ЛИЦА КОИ СЕ ПРИЈАВИЛЕ ДА БИДАТ ДЕЛ ОД ТИМОВИТЕ НА ТЕРЕН БЕЗ ПРЕТХОДНО ИСКУСТВО ВО ЦК: **126 ЛИЦА (63 %)**

**ВОЗРАСТ :**

| | |
|---|---|
| 18 ДО 25 ГОДИНИ | **35 %** |
| 25 ДО 35 ГОДИНИ | **45 %** |
| 35 ДО 45 ГОДИНИ | **15 %** |
| ПОСТАРИ ОД 45 ГОДИНИ | **5 %** |

**ПОЛ :**

| | |
|---|---|
| МАШКИ | **75 %** |
| ЖЕНСКИ | **25 %** |



# МЕНАЏИРАЊЕ И ГРИЖА ЗА ЛИЦАТА АНГАЖИРАНИ ПРЕКУ ЦКРСМ ВО ОДГОВОР НА МИГРАНТСКАТА КРИЗА

Во насока на поуспешно справување со сите предизвици кои со себе ги донесе мигрантската криза, Црвен крст на РСМ вложи сериозни напори во менаџирањето на лицата ангажирани во различни аспекти на справување и ублажување на истата. Континуирана беше средбата со волонтерите и ангажираните лица со лидерите на тимовите и раководните структури, подготвувани беа извештаи и анализа за состојбата на лицата ангажирани во операцијата, иницирани и реализирани беа обуки на различни теми во нивен интерес. За сите членови на мобилните тимови беа реализирани сесии за дисеминација, преку кои е запознаа со Црвениот крст како организација која активно дејствува во нашата држава, принципите, амблемот, Женевските конвенции и сл. При секоја едукација, нагласена беше улогата и мандатот на организацијата, мисијата и принципите по кои се водиме како и одговорност кога секој поединец го носи амблемот Црвен крст на себе. Преку овие наменски обуки и работилници за волонтери и вработени најнапред зајакнат беше нивниот личен капацитети во разни области (известување, тим и тимска работа, евалуација на активностите, размена на искуства...) што пак резултираше со адекватен и поуспешен одговор на терен. Посебно за истакнување е делот на професионална поддршка на членовите на мобилните тимови со лиценцирани психотерапевти за Гешталт терапија, кои преку групни и индивидуални сесии работеа на менаџирање на стресот и полесно надминување на состојбата на „прегорување" на личноста поради сè она што се случува и што секако влијае кај секоја индивидуа на професионален, но и личен план. На овој начин пружена беше адекватна грижа за ангажираните лица што е важна карика во целиот одговор кој го дадовме на мигрантската криза. Следејќи ги современите текови поврзани со развојот и унапредување на информатичките алатки, креиран и воведен беше информатички систем за менаџмент со волонтери, дел од интегрираниот софтвер на ЦКРСМ кој е прифатена алатка и за понатамошни активности во организацијата.

Црвениот крст на Република Северна Македонија (ЦКРСМ) изминатите години активно дејствува на полето Трговија со луѓе со акцент на подобрување на превенцијата на трговија со луѓе во земјата преку зајакнување на капацитетите и подигање на свеста кај младата популација за сите форми на трговија со луѓе, но и обуки за членовите на мобилните тимови на тема Трговија со луѓе во контекст на миграции.

Согласно новонастанатата состојба со миграциите, а во рамки на унапредување на постоечките алатки и форми за едуцирање на едукатори на споменатата тема, претставници од Црвениот крст на Република Северна Македонија учествуваа на работилница на тема Трговија со луѓе со акцент на миграции која се реализираше со поддршка на Меѓународната федерација на друштвата на Црвениот крст и Црвената полумесечина и на истата претставен и разработен беше новиот прирачникот за обука на оваа тема со цел унифицирање на работата на Националните друштва на ова поле. Нашето Национално друштво, со поддршка од Меѓународната федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина, имплеметираше две работилници на тема „Превенција од Трговија со луѓе,

во контекст на миграции“ со кои беа опфатени и членови на мобилните тимови (парамедици, лекари, тим за дистрибуција, преведувачи) за обука на едукатори на оваа тема, подготвени и публикувани беа информативни и едукативни флаери на споменатата тема, се направи мапирање на состојбите во РСМ, како и во рамки на ЦКРСМ, како и SWOT анализа анализата за состојбите на терен. Со ова ги зајакнуваме капацитетите на тимовите кои секојдневно се соочуваат со предизвици од оваа тема при работењето на терен, објаснета им е улогата на нашето НД по ова прашање, но и запознаени беа со националниот систем за упатување на потенцијани жртви на Трговија со луѓе и стандардните оперативни процедури за постапување со овие лица.



# МОБИЛИЗИРАЊЕ НА РЕСУРСИ СО ПРЕГЛЕД НА ДОНАТОРИ

Имплементацијата на активностите за поддршка на мигрантите кои транзитираа низ Република Северна Македонија е спроведена во соработка со повеќе државни и меѓународни агенции. Особена поддршка имаше од Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина, Меѓународниот комитет на Црвен крст, Германскиот Црвен крст, Црвениот крст на Луксембург, УНХЦР, ИОМ и државните институции како што Центарот за управување со кризи кој е одговорен за координација на активностите помеѓу различните актери на терен. Дополнително во активностите се вклучија и Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за одбрана, како и невладините организации (Ла Страда, Легис и др.) приватниот сектор како и поддршка од индивидуални донатори.

Црвениот крст на Република Северна Македонија на 22 јуни 2015 година алоцираше 193 218 CHF од Итниот фонд за помош при катастрофи при Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина, за поддршка на најитните потреби на 4 600 мигранти во период од 3 месеци. Со интензивното зголемување на бројот на мигранти и потребата од покривање на основните потреби во вид на храна и непрехрамбени производи, хигиенски пакети, прва помош и воспоставување

на семејни врски помеѓу разделени семејства, преку Меѓународната федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина беше покренат Итен апел со кој се алоцираа 5,6 милиони швајцарски франци за поддршка на активностите заклучно со 2017 година.

Особено значајна дополнителна билатерална поддршка на активностите дадоа и националните друштва на Црвен крст Луксембург во висина од 74 500 ЕУР, и Германски Црвен крст во висина од 458 367 ЕУР.

Во 2018 година од Меѓународната федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина во рамките на националниот план за одговор на мигрантите алоцирани се дополнителни 369 279 швајцарски франци.

Дваесет години по ред, Црвениот крст на градот Скопје работи како партнер на Високиот комесаријат на Обединетите нации за бегалци (УНХЦР), во Скопје. Додека партнерството првично се фокусираше на подобрување на животот на бегалската заедница од кризата во Косово во 1999 година, подоцна се насочи кон помагање на бегалците и другите лица на кои им е потребна меѓународна заштита од трети земји и влегуваат во земјата во мешаниот миграциски проток. Поддршката од УНХЦР за периодот 2015-2020 опфаќа повеќе аспекти почнувајќи од финансиска поддршка за ангажираните човечки ресурси-мобилни тимови, набавка на материјални ресурси, поддршка за набавка на храна, прехранбени артикли, хигиенски артикли, облека,промотивни материјали и сл.

Партнерската поддршка во текот на целиот период овозможи значителен придонес во обезбедување на хуманитарната помош и имплементацијата на активностите. Покрај ангажираноста на човечките ресурси за директна работа во транзитните центри и мобилните тимови, зајакнат беше возниот парк на националното друштво со набавка на 3 теренски џипови, камион, товарно комбе, патничко комбе, и 3 лесни возила за дистрибуција на хуманитарна помош.

Отворен беше и нов логистички центар со целосна реконструкција на Централниот магацин на националното друштво во чија реконструкција учествуваа МФЦК, Германски Црвен крст, УНХЦР, Save the children и Прокредит банка.

Со поддршка на МФЦК и Прокредит банка реконструиран е постоечкиот објект - тренинг центар „Солферино“-Струга, во сопственост на Црвениот крст со вкупна површина од 687 м2 во објект за згрижување на мигранти во случај на нивно долгорочно задржување во земјата.

Дополнително значително се зајакнати капацитетите на националното друштво преку адаптација и превод на повеќе алатки и прирачници кои се користат во рамките на движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина, а се поврзани со мобилизирањето на ресурси, дејствувањето во кризи и менаџментот со волонтери.

За поефикасно координирање на активностите и ангажманот на волонтерите, креиран е посебен софтвер кој претставува иновативно информатичко решение за брз и навремен преглед на индивидуалните перформанси, развој и интереси за дејствување.





# ПРИКАЗ НА ОДГОВОРОТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА МИГРАНТСКАТА КРИЗА



Ако имаме во предвид дека оваа мигрантската криза имаше поинаков карактер од сите претходни кризни состојби во нашата земја, тогаш несомнено може да се заклучи дека во имплементацијата на истата се соочивме со многу предизвици. Истите бараа брз и навремен одговор, адаптација согласно искуствата од терен како и тековно следење на состојбата која пак се менуваше на дневна основа. Црвениот крст на РСМ, менаџментот, вработените и ангажирани лица на ова поле како и волонтерите на терен, често пати реализираа средби и работилници за анализа на целата операција. Ова секако беше во насока на зајакнување на нивните капацитети за одговор на терен, изнаоѓање на решенија и системски пристап, но и детектирање на недоволно реализираните аспекти кои влијаат на работењето. Овие процеси на анализа подразбираат вклученост и на други организации (владини и од НВО секторот) кои беа дел од системот за управување и/ или менаџирање со кризата. Приказот е поделен на два аспекти и тоа Недоволно анализирани аспекти на одговорот на мигрантската криза и Позитивни аспекти на одговорот на мигрантската криза.

Овој приказ, формулиран како издвоени аспекти, се однесува и на нашите капацитети и соодветниот одговор на Црвен крст на РСМ, но и на капацитетите и одговорот на другите институции и организации кои работат на ова поле. Исто така треба да се има во предвид дека состојбите во еден дел се променети, а аспектите кои се споменати се однесуваат на сите т.н. фази од мигрантската криза.

## НЕДОВОЛНО РЕАЛИЗИРАНИ АСПЕКТИ НА ОДГОВОРОТ НА МИГРАНТСКА КРИЗА

- НЕДОСТАТОК НА ИНСТИТУЦИОНАЛНА МЕМОРИЈА И ДОКУМЕНТИРАНИ ИСКУСТВА КАЈ ВКЛУЧЕНИТЕ АКТЕРИ ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО ВАКВИ И СЛИЧНИ СОСТОЈБИ
- НЕДОСТАТОК НА СИСТЕМ ЗА БРЗА ОБУКА И МОБИЛИЗАЦИЈА НА ЛИЦА ЗА РАБОТА ВО КРИЗНА СОСТОЈБА
- СЛОЖЕН И БАВЕН СИСТЕМ ЗА РЕШАВАЊЕ НА СТАТУСОТ НА ЛИЦА ИЛЕГАЛНО ВЛЕЗЕНИ ВО ДРЖАВАТА
- ДЕЛУМНА ПОДГОТВЕНОСТ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ЛОКАЛНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО КРИЗНИ СОСТОЈБИ
- НЕДОВОЛНА ОБУЧЕНОСТ НА НВО СЕКТОРОТ ЗА АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ОДГОВОР НА КРИЗНАТА СОСТОЈБА

## ПОЗИТИВНИ АСПЕКТИ НА ОДГОВОРОТ НА МИГРАНСТКАТА КРИЗА

- ДЕФИНИРАЊЕ НА УЛОГАТА НА ЦКРСМ ВО ПОЧЕТОКОТ НА МИГРАНТСКАТА КРИЗА
- ДОБРА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА ТЕРЕН
- РАЦИОНАЛНО ФИНАНСИСКО ТРОШЕЊЕ ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ
- АДЕКВАТЕН ОДГОВОР НА ДЕЛ ОД ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО ОДРЕДЕНИ СЕГМЕНТИ ОД КРИЗАТА
- БРЗ И ЕФИКАСЕН СИСТЕМ НА ЦК ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА АКТИВНОСТИТЕ НАМЕНЕТИ ЗА РАНЛИВОТО НАСЕЛЕНИЕ
- ПОДДРШКА ОД МЕЃУНАРОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СПРАВУВАЊЕТО СО БЕГАЛСКАТА И МИГРАНТСКА КРИЗА
- ДОБРА КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКАТА СО СОСЕДНИТЕ НАЦИОНАЛНИ ДРУШТВА, НАЦИОНАЛНИТЕ ДРУШТВА ДОНАТОРИ И МФЦК И МКЦК
- МЕДИУМСКА ПОДДРШКА, ТРАНСПАРЕНТНО ИЗВЕСТУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ НА ЦРВЕН КРСТ И ПРОМОЦИЈА НА РАБОТАТАТ СО ЦЕЛ ПОГОЛЕМ ОПФАТ НА СИТЕ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ
- ПОДГОТОВКА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ИНФОРМАТИВНИ МАТЕРИЈАЛИ НАМЕНЕТИ ЗА МИГРАНТИ, ПРЕВЕДЕНИ НА СООДВЕТНИ ЈАЗИЦИ
- КРЕИРАЊЕ НА ДАТА БАЗА (БАЗА СО ПОДАТОЦИ) НА ВОЛОНТЕРИ КОИ БИ СЕ МОБИЛИЗИРАЛЕ ВО СОГЛАСНОСТ СО ПОТРЕБИТЕ И ВО КОРЕЛАЦИЈА СО НИВНИТЕ ЛИЧНИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ

# ПРЕПОРАКИ



Реализираните активности, искуствата од терен, менаџирањето со кризата на сите нивоа и научените лекции, се основа на која ги поставуваме сите наредни планови за имплементација на активности на ова поле. Црвениот крст на РСМ, согласно мандатот и позицијата која ја има во системот, продолжува со активности во насока на ублажување на страдањата на мигрантите и бегалците. Притоа, со искуството и капацитетите со кои располагаме, останува посветени на исполнување на нашата мисија. Низ поглавјата на Анализата, опфатени се сите аспекти на мигрантската криза, а препораките кои се дел од овој документ, се во насока на градење на уште постабилни и поцврсти позиции на делување. Истите се однесуваат како на нашата работа, така и на одговорот кој и другите засегнати субјекти треба да го подобрат со цел уште поуспешен и координиран одговор на потребите на бегалците и мигрантите како ранлива група. Препораките се дефинирани во вид на куси сентенци, нудат јасен приказ и насоки за креирање на низа активности кои може да се иницираат од истите. Низ нив доминантен е позитивниот пристап, извлечени се врз основа на многу анализи и овозможуваат координиран пристап.

**Дефинирани препораки:**

- Потреба од воспоставување на институционална меморија;
- Подобрување на координацијата на актерите на терен;
- Градење на капацитетот на институциите за одговор и дејствување при катастрофи и кризни состојби (материјално - технички обуки);
- Подигање на свеста за потреби на бегалците и мигрантите, сензитизивирање на јавноста со цел надминување на стереотипите и предрасудите кои водат до дискриминација;
- Дизајнирање на активности за справување во пострехабилитациониот период;
- Формирање на советодавно тело составено од релевантни претставници од инстутуциите на системот и НВО кои работата на ова поле, се цел промовирање на нормативни решенија, практични модалитети на комуникација и промовирање на дијалогот во врска со одредени теми од кризниот менаџмент;
- Систематска работа со НВО и граѓанското општество за одговор и дејствување во случај на криза (постручно идентификување и испорачување на потребни услуги, мобилизирање на ресурси, стручна поддршка и транспарентност, влкучување во анализите на одговор на кризата);
- Воведување на активности за рано предупредување;
- Работа со медиумите околу начинот на известување за време на криза;
- Дата база на волонтери.

Согласно дефинираните аспекти и препораки, Црвен крст на РСМ во нотирање на деловите од излезна стратегија по ова прашање, согласно својот мандат има помошна улога на властите и може привремено или додека трае кризата, да ги дава овие сервиси за мигрантите, а државата да развие механизам за долгорочни услуги и излезна стратегија за настанатата криза. Како најголема и најмасовна хуманитарна организација, отворени сме за партнерства со цел заедничко мобилизирање на фондови и ресурси, но и за понатамошно имплементирање на активностите од ваков вид.



# ЗАКЛУЧОЦИ



Искуството пренесено преку документот „Анализата на одговорот на Црвен крст на Република Северна Македонија на мигрантската криза во Република Северна Македонија (2015-2020)“, детектира јасни и клучни пораки кои ги трасираат идните чекори во полето на дејствување и одговор на кризи особено кога станува збор за мигрантски кризи.

Овој документ јасно укажува на меѓународнота улога на Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина во време на мигрантска криза, а истворемено јасно ја дефинира положбата на Црвен крст на Република Северна Македонија на национално ниво, како преку директните активности кои ги презема на терен така и преку членството во Главниот Штаб при Управувачкиот Комитет за координација и управување во Системот за управување со кризи на национално ниво, Законот за Црвениот крст и како членка на Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

Земјаќи ги предвид изнесените податоци за фомирањето на мобилни тимови на Црвениот крст кои пред официјалното отварање на т.н. Балканска рута, укажуваа хуманитарна помош на мигрантите, може да заклучиме дека:

- претходните искуства во организација и менаџмент на операции поради мигрантска криза, и учење од искуството и лекциите од минатото, се од исклучителна важност за ефикасно и ефективно пружање на хуманитарна помош;
- постои взаемно влијание на довербата од страна на мигрантите кон организацијата и брза интервенција т.е. препознавање на потребите на лицата во ризик, во овој случај мигранти;
- долгогодишната и континуирана хуманитарна работа, која вродила со резултати и доверба кон домашното население и мобилизирање на волонтери и нивното обучување и подготвеност, е основа за овозможување на брза интервенција т.е. располагање со човечките капацитети, согласно реалните потреби на терен;
- постоењето на развиена мрежа на организацијата на Црвениот крст на територија на цела држава е од исклучителна важност за полесно и посеопфатно менаџирање со мигрантската криза.

Истовремено, особено важно за правилната интервенција во време на мигрантската криза 2015-2020, претставува меѓуинституционалната соработка и меѓуорганизациска напосредна комуникација, односно продуктивната соработка која постои помеѓу Црвениот крст на Република Северна Македонија и Високиот Комесаријат за Бегалци на Обединетите Нации(UNHCR) со канцеларија во Скопје, РСМ.

Клучната насока која ја дава Анализата е покревање на институционалната свесност за градење и развивање на институционални системи на државите за успешно справување со мигрантските кризи и во таа насока потребно е да се потенцира важноста од континуираното градење на капацитетите на организациите и Црвениот крст на Република Северна Македонија за унапредување на услугите за мигрантите, во случај на мигрантска криза.

Една од активностите кои Црвен крст на РСМ ги и планира во наредниот период е поддршката во процесот на локална интеграција/рана интеграција на лицата со различен статус во нашата земја. Локалната интеграција и раната интеграција на баратели на азил е процес преку кој индивидуа-

та поминува низ повеќе етапи, со цел олеснет пристап до сите јавни, услужни дејности, систем на социјална, здравствена заштита и образование, па сé до целосна интеракција со останатите членови во заедницата во земјата каде се врши процесот на интеграција. Секоја заедница, општество, систем има свои специфики, но и закони кои важат за сите лица кои живеат во тоа општество. Локалниот контекст можеби е најтешкиот дел при адаптација на лице кое не е родено и не живеело долго во тој систем, затоа што постои предизвик да соочи со неприфаќања од околината. Тука би споменале и постоење за предрасуди, стереотипи, недоволна или пак неправилна информираност на сите членови на заедницата кон различностите, нешто што води кон дискриминација.

Во наш локален контекст, процесот е планирано да се реализира преку пилотираниот модел „Водич за мигранти“ и е наменет за лицата даватели на услуги во системот на социјална заштита (стручни лица, практичари, волонтери, културни медијатори) кои обезбедуваат услуги за лица баратели на право на азил и лица под меѓународна заштита (лица со статус бегалец, лица под супсидијарна заштита). Давателите на услуги, претходно поминуваат процес на унифицирана обука која е во корелација со прирачник. Потоа, работат директно со корисниците, континуирано, при тоа градејќи релации на доверба и меѓусебно почитување. Со оваа активност, всушност дефинирана и како излезна стратегија, ЦКРСМ го продолжува континуираното поддржување на бегалците и барателите на азил во РСМ, водејќи се од основните принципи, почитувајќи ги човековите права и слободи како патоказ во понатамошната работа.



# СПОДЕЛЕНИ СВЕДОШТВА



На мојот пат кон Р. Србија, бев повреден и со две скршени нозе останав да лежам на патот, беспомошен и премален од болка. Тогаш наиде мобилниот тим на Црвениот крст. Итно ме прегледа нивниот доктор и предложи хоспитализација.

После три недели бев опериран. За време на мојот престој во болница, Црвениот крст не ме остави сам. Тие беа моето семејство во Македонија. Дополнително олеснување беше тоа што во Црвениот крст имаше преведувачи од арапски јазик што многу ми значеше. Црвениот крст ме зема од болница, ме однесе во кампот Табановце каде сѐ уште престојувам.

Никогаш нема да можам да се одолжам на Црвениот крст. Никогаш нема да го заборавам третманот кој го добив. Третман што заслужува човек како мене кој се најде на крстосницата низ Македонија не по своја вина.

**З. З., 28 години**
**- мигрант во движење од Палестина**

Како лекар по општа пракса, започнав да волонтирам во Црвениот крст во 2018 година. Тогаш бев на прагот на мојата кариера. Доаѓам од Јордан, овде сум женет за девојка која е Македонка по мајка. Заедно се бориме да ги одбраниме боите на Црвениот крст. Се гордеам што го работам она за кое сум учел. Среќен сум што им помагам на оние на кои помошта им е најпотребна, но и несреќен кога ќе го посведочам лошиот третман кон мигрантите во другите држави. Моја лична благодарност до Црвениот крст што ме прифати како дел од нивното семејство.

**Др. Омар Ал Јасин, од Кралство Јордан**
**- лекар во ТЦ Табановце, мобилни тимови на Црвен крст на северна граница**



Есента 2016 година, започнав да волонтирам во Мобилниот тим на Црвениот крст подоцна наречен Мобилен тим Липково. Јас сум логистичар, но и тим лидер на еден од двата тимови кои деноноќно работат на хуманитарна асистенција на лица во движење. Живеам и волонтирам во селото каде што сум роден, поточно во с. Лојане, каде години наназад се одвива транзитирање на мигранти низ РСМ. Насмевката што ја гледам на лицата на мигрантите после укажаната медицинска помош, но и помош со храна и вода не се заменува со ништо друго на светот. Нивната благодарност ме исполнува одвнатре.

Се чувствувам гордо што во име на Црвениот крст помагам на ранливите. Помагам на мигрантите, но и на локалното население. Чест е да се носи униформата и амблемот на Црвениот крст.

**Хесат Османи,**
**логистичар-мобилни тимови**
**на Црвен крст на северна граница**






Летото 2015 година, бев на железничка станица Гевгелија и мислев дека и денеска ќе е еден „обичен ден“ како и секој претходно. Но, за жал не беше така. Прв, но не последен беше случај на мигрант кој беше жртва на удар од електрична енергија од каблите кои ја напојуваат железницата. Моментот беше страшен, а сето тоа се одвиваше пред моите очи...вознемирувачка глетка... За среќа успеавме да помогнеме. Дадовме се од себе и лицето преживеа. Тогаш имаше само 17 години. Истиот тој понатаму стана волонтер во рамки на ПТЦ Винојуг, пред да го продолжи своето патување.

**Слободан Митровиќ,**
**координатор на мобилни тимови на**
**Црвен крст на јужна граница**



Изминаа само 15 минути од започнување на нашата смена. Се појави мигрант видно изморен кој се движеше со помош на штаки и побара да се прегледа неговото стапало. Поради макотрпното пешачење имаше рани кои ги санирав. Инсистирав да го прегледам и другото стапало иако во разговор ми кажа дека не чувствувал болка. По прегледот увидов дека има развиено гангрена на другото стапало и поради тоа го има изгубено чувството на истото. Таа слика нема никогаш да ја заборавам, а и помислата на тоа што би се случило ако не инсистирав да бидат прегледани двете стапала. Ова искуство се случи на моето прво пристигнување во кампот ПТЦ Винојуг.

**Димче Миланов,**

**животоспасувач - мобилни тимови на Црвен крст на јужна граница**

Со отворањето на кампот мојот повремен ангажман премина во редовен. Како логистичка поддршка, со мојот тим бевме задолжени да правиме дополнување на сите артикли кои ни се потребни во транзитниот центар на дневна основа. За мене беше прво среќавање со лица од овие земји. Она што пријатно ме изненади беше нивното секојдневно залагање да ни помогнат со цел побрзо да оди целиот процес на пренесување и дистрибуција на продуктите на дневна основа. Тоа што го познаваа англиски јазик беше олеснителна околност бидејќи успеваа да комуницираат со останатите лица, во моментите кога нашите преведувачи беа ангажирани со други обврски.

**Илија Поп Стефанија, логистичар- мобилни тимови на Црвен крст на јужна граница**



По трагична сообраќајна несреќа беше донесен бегалец со скршени ребра во кампот. Јас, заедно со мојот тим, притрчав да му помогнам. Поради сериозноста на повредата не можеше да се движи самостојно, така што му обезбедивме целосна нега дури и поддршка при извршување на физиолошките потреби. По направените тестови се констатираше дека е позитивен на Ковид-19. И покрај големиот ризик, бидејќи носевме комплетна заштитна опрема, не се заразивме. Сега, од оваа инстанца воопшто не се каам за преземениот ризик и би го направил истото за оние на коишто им е потребна помош.

**А. К.,**
**лице барател на азил во РСМ, ангажиран како преведувач во мобилни тимови на Црвен крст на јужна граница**





Беше топол саботен ден кога добивме повик од полицијата дека во тешко пристапен ридски предел лежи мигрант со скршеници на нозете и во безсознание.  Веднаш тргнавме заедно со полицијта кон наведениот терен. После час и половина возење по ридски предел, далеку доле во провалија лежеше навидум безживотно тело облеано во крв. Со помош на јажиња се спуштивме кон провалијата на која минуваше пруга од железничка линија Гвг- Ск. Мигрантот беше со политраума, раскинати потколеници,  набиеници, контузии на граден кош, карлица, акутно крварење и во предшокова состојба.  Веднаш побарав засилување по што дојдоа припадници  од странската полиција. Направивме имобилизација, фиксација и санирање на состојбата и обезбедување проодност на дишни патишта. Во меѓувреме се јавив на брза помош веднаш да дојдат до првата точка на проодност и веднаш да го испратат на Клиника.  Го носевме на раце, 8 луѓе,  а потоа со кола го префрливме во  возилото на брза помош.  Мигрантот беше прегазен од воз. После тој настан никогаш повеќе не го видов,  а од Клиника  ни се јавија да не информираат дека неговиот живот е спасен и веќе за ден два беше стабилен и вон животна опасност. Беше тоа топол јулски ден.....

**Др. Јован Узунов**
**ПТЦ Винојуг Гевгелија**

# КОРИСНИ ТЕРМИНИ

## АЗИЛАНТ

Азилант е некој кој не е државјанин на одредена држава, но таа држава ја препознава неговата потреба за заштита. Тој може да поднесе барање за азил во таа држава. Во процесот на разгледување на барањето за азил тој е барател на азил. Доколку се прифати тоа барање тој азилант станува бегалец. Барањето за азил е правен процес.

## ИРЕГУЛАРЕН МИГРАНТ

Не постои универзално прифатена правна дефиниција за ирегуларен мигрант. Ирегуларен или недокументиран мигрант е лице на кое му недостасува легален статус во земјата на транзит или крајна дестинација, што е последица на влез во државата без соодветен документ или патна исправа, истек на виза, неодобрено барање за азил или друга причина.

*www.iom.int/key-migrtion-terms*

## МИГРАНТ

Според дефиницијата на Меѓународната федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина, мигрант е дефиниран термин на лице кое ја напушта или бега од своето постојано место на живеење на ново место, најчесто надвор од државата, во потрага за безбедни и подобри можности. Миграциите може да бидат доброволни или не во своја волја, но воглавно подразбираат комбинација на сопствен избори и принуда. МФЦКЦП од овие причини ги дели мигрантите на повеќе подгрупи и тоа мигранти кои власта ги означила како ирегуларни, мигранти раселени внатре во сопствената држава, мигранти без државјанство, бегалци, баратели на азил.

*(МФЦКЦП, Рамка за европски миграции 2016 год.)*

## КРИУМЧАРЕЊЕ НА МИГРАНТИ

Криумчарење на мигранти е кривично дело кое подразбира помагање на недозволено преминување на границата на една држава, на лице кое  не е државјанин, како би се стекнала финансиска или друга материјална корист.

*(Член 3, Протокол за забрана за криумчарење мигранти по копнен, воздушен и морски пат, 2000 год.)*

## МЕШОВИТИ МИГРАЦИИ

Терминот „мешовити миграции" се однесува на сложено движење на граѓаните, сочинето од лица кои имаат различни причини за преселба и различни потреби, што подразбира прокриумчарени мигранти, малолетници без придружба, бегалци и азиланти, жртви на трговија со луѓе и останати мигранти.

Некои категории мигранти се заштитени со одредени правни механизми, како што се меѓународните закони за бегалци, закони за работа, меѓународни прописи за криумчарење и Трговија со луѓе и закони за заштита на деца.

*(UNDOC, Глобален извешта за трговија со луѓе 2016 година)*

## БЕГАЛЕЦ

Бегалец е лице кое е приморано да побегне од својата држава, поради оправдан страв од прогон. Бегалците имаат страв од прогон од различни причини, како на пример заради нивната расна припадност, религија, национална припадност, одредени политички уверувања или општествена припадност. Согласно документот „Конвенција за статусот на бегалците од 1951 г.", бегалец е "лице кое поради оправдан страв од прогон поради раса, религија, националност, припадност на оредена општествена група или политичко убедување, не може, или поради страв не сака да побара заштита; или лице кое нема национална припадност и се наоѓа вон државата чие државјанство го има и поради страв не може или не сака да се врати.

Поединците имаат право да бараат заштита, доколку стравуваат за својот живот. Бегалците имаат право за заштита под закрила на меѓународен закон.

** Член 1А(2), Конвенција за статусот на бегалците , 1951*

## МИГРАНТ БЕЗ ДРЖАВЈАНСТВО

Мигрант без државјанство е лице кое ниту една држава не го признава како свој државјанин.

## ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Трговијата со луѓе ќе значи регрутирање, превезување, пренос, криење или прифаќање на лица по пат на закана, или со употреба на сила или други форми на принуда или киднапирање или измама, или лага или со злоупотреба на сила или позиција на ранливост или давање т.е. примање на исплата или добивки, заради постигнување согласност на лице кое има контрола над друго лице, со цел за експлоатација. Експлоатацијата вклучува, во најмала мерка, експлоатација за проституција на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или принудно услужување, ропство или постапување слично на ропство, слугување или отстранување на органи.

*(Член 3, Протокол за сузбивање и казнување на Трговија со луѓе, посебно жени и деца, дополнување на Конвенцијата на ОН против транснационален организиран криминал)*

## НЕРЕГИСТРИРАН МИГРАНТ

Нерегистрирани мигранти се мигранти кои влегуваат, се задржуваат и работат во одредена земја без дозвола или документи кои се пропишани со регулативи за имиграција.

*(Британски Црвен крст, речник на термини заснован на: Panos Europa и UNAOC, термини за миграции погодни за јавност; ИОМ, клучни термини за миграции и PERCO, работилница за солидарност*

## ДЕЦА БЕЗ ПРИДРУЖБА (НЕПРИДРУЖУВАН МАЛОЛЕТНИК)

Непридружуван малолетник е дете кое е одвоено од двајцата родители и останатите роднини и кое нема заштита од возрасно лице кое е одговорно за тоа дете. За дете се смета секое лице кое се уште нема полни18 години.

# АНЕКС 1

Најважни закони со кои се регулира начинот на кој Црвениот крст на РСМ партиципира во организирањето и спроведувањето на активности во Република Северна Македонија.

## ЗАКОНИ

1. Закон за Црвен крст на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/94, 7/97, 21/98 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19)
2. Закон за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16)
3. Царински закон („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16 и 144/18)
   - Ослободување од плаќање увозни давачки
4. Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19)
   - Оспособување на кандидати за возачи, настава по прва помош
5. Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18)
   - Учество на невладини организации
6. Закон за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18)
   - Учество на Црвениот крст на РСМ
7. Закон за безбедност во снабдувањето со крв („Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07, 164/13, 144/14 и 150/15)

## КОРИСТЕНИ АКРОНИМИ:

| | |
|---|---|
| **МФЦКЦП** | Меѓународната федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина |
| **МКЦК** | Меѓународен комитет на Црвен крст |
| **НД** | Национално друштво |
| **НВО** | Невладини организации |
| **ЦКРСМ** | Црвен крст на Република Северна Македонија |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **ПТЦ** | Прифатно транзитен центар |
| **(RFL/ РФЛ)** | Restoring family links /Воспоставување на семејни врски |
| **УНХЦР** | Висок комесаријат за бегалци при ООН |
| **ИОМ** | Меѓународна организација за миграција |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **ЗАПЗ** | Закон за азил и привремена заштита |
| **БиХ** | Босна и Херцеговина |
| **ЕУ** | Европска унија |
| **ГП** | Граничен премин |

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. World Migration Report 2020, IOM UN Migration
2. https://www.ifrc.org/en/who-we-are/
3. https://www.icrc.org/en/doc/resources/documents/misc/components-movement.htm
4. „https://www.ifrc.org/en/what-we-do/migration/what-is-a-migrant/#:~:text=Migrants%20are%20persons%20who%20leave,or%20safer%20and%20better%20prospects."

1. https://media.ifrc.org/ifrc/wpcontent/uploads/sites/5/2017/12/IFRC_StrategyOnMigration_EN_20171222.pdf
2 https://media.ifrc.org/ifrc/wp-content/uploads/sites/5/2020/01/CD-19-R8_Adopted_Movement-Declaration-on-Migration_EN_clean.pdf
3 https://ckrm.org.mk/publikacii-cat/godishni-programi/
4 https://ckrm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/ZAKON-ZA-CRVENIOT-KRST-NA-REPUBLIKA-MAKEDONIJA.pdf („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/94, 7/97, 21/98 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19)
5 Project name: Support for refugees in Macedonia (17MK01), provided by the Luxembourgish Government through the Red Cross of Luxemburg.
   - Project name: Proof of Employment of Funds in accordance with No. 10.2 of the Administrative Regulations pertaining to section 44 of the Federal Budget Code (BHO) and No. 6.2 of the General Auxiliary Conditions for Project Grants (ANBest P)
   - Emergency Plan of Action Final Report
   - Final report emergency appeal -IFRC
   - Final Project performance report UNHCR (2015-2019)
6 https://www.unhcr.org/news/briefing/2015/4/553652699/mediterranean-boat-capsizing-deadliest-incident-record.html
7 http://reliefweb.int/sites/reliefweb.int/files/resources/EUCrisisResponse_FINALWEB.pdf, стр.8
8 https://mvr.gov.mk/vest/155
9 https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/it/IP_15_5904
10 Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита се направи дистинкција меѓу намерата за поднесување на барање за признавање направо на азил и формалниот аспект, односно поднесувањето на барањето за признавање на право на азил, од страна на потенцијалните баратели на азил.
11 Главниот штаб претставува оперативно стручно тело при Центарот за управување со кризи, кое раководи со активностите за превенција и справување со кризни ситуации. Главниот штаб е составен од претставници на министерствата за: внатрешни работи, здравство, транспорт и врски, одбрана и надворешни работи. Негови членови се и раководителот на Итната медицинска помош во Скопје, директорот на Дирекцијата за заштита и спасување, како и претставници на Армијата, Агенцијата за разузнавање, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и Црвениот крст на Република Македонија. Директорот на Центарот за управување со кризи раководи со Главниот штаб, по член 26 од Закон за управување со кризи („Службен весник на Р.М."бр. 29/05)
12 Види Анализа на прогласената кризна состојба на дел од територијата на Република Македонија и тоа на подрачјата на јужната и северната граница на Република Македонија, заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението за период од прогласувањето на 19.08.2015 до 17.09.2015, Центар за управување со кризи, стр. 3
13 https://mhc.org.mk/publicationsanalyzes/pravata-na-begalczite-naczionalni-i-meg/
14 https://www.ia.gov.mk/FolderNovosti/Statistika.pdf
15 https://myla.org.mk/%d0%be%d0%b1%d0%bb%d0%b0%d1%81%d1%82%d0%b8-%d0%bd%d0%b0-%d0%b4%d0%b5%d0%bb%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5/%d0%b1%d0%b5%d0%b3%d0%b0%d0%bb%d1%86%d0%b8-%d0%b8-%d0%bc%d0%b8%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%bd%d1%82%d0%b8/
16 http://nacionalnakomisija.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/SOP-za-postapuvanje-so-nepridruzuvani-deca-stranci.pdf
17 https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/it/MEMO_16_1494
18 Rub hall или рабхол е комерцијално име за на голем мобилен шатор што се користи во итни ситуации, и/или во хуманитарни или природни катастрофи.
19 Трговија со луѓе во контекст на миграции - Прирачник за обука ( МФЦКЦП, 2018)
20 UNODC, Глобален извештај за ТЛ (2016)
21 https://frontex.europa.eu



